Прилог 1 - Образец за Извештај од самоевалуација

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј Димитар Влахов 4,
II-Кат Стара Комерцијална Банка
1000 Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| **Назив** | ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје |
| **Седиште** | Франклин Рузвелт бр.3 , Скопје |
| **Контакт информации** | Телефон: +389 23080 – 193<br>Телефон: +389 23080 – 177<br><br>Е-маил:ifmarkocepenkov@mt.net.mk |
| **Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | Проф. д-р Ермис Лафазановски директор, ermisl@ukim.edu.mk |
| **Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | |
| **Основ за надворешната евалуација** | ☐ Годишен план<br>☐Барање на високообразовната установа<br>☐ Барање на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност<br>☐ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| **Период за кој се однесува извештајот** | 2022-2024 |
| **Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум)** | |
| **Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација?** | НЕ |

Место, датум МП овластено лице на установата (потпис)

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ<br>(ги пополнува високообразовната установа) | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје |
| Седиште | Франклин Рузвелт бр.3 , Скопје |
| Веб страница | https://ifmc.ukim.mk/ |
| Мисија и визија на установата | Визија: Институтот за фолклор како една од најстарите институции и единнствена која мултудисциплинарно го истражува фолклорот има визија за унапредување и развивање на научните придонеси во изучувањето и зачувувањето на фолкорот, со вклучување како во современите научни текови кои се однесуваат на дисциплините поврзани со фолкорот така и во фолклористиката. Преку научните истражувања, апликативните дејности и образовната дејност вработените во Институтот за фолклор се обидуваат да се вклучат во светските текови и да образуваат кадри кои ќе го следатразвојниот пат на фолклористиката, преку препознавање на фолклорот во медиумската сфера, истражување на сплетеноста на традицијата (фолклорот) восовремените уметнички визуелни медиуми, толкување на наследството од минатото во сегашноста, со што се отвораат нови истражувачки перспективи применливи и во истражувањата во други дисциплини.<br><br>Мисија:Основните активости на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ се одвиваат почнувајќи од теренските истражувања со што континуирано се бележи и се следи состојбата во сите сегменти на духовната и материјалната култура на народното творештво. Материјалите од теренските истражувања, во интерната институтска научно-стручна обработка се подложни на: регистрирање, чување, заштита, обработка и презентирање. Мултидисциплинарниот карактер на истражувањата сереализираат преку активностите како што се: собирањето на народното творештво за време на теренската работа, нивната обработка и публикување е заради афирмирање на културното наследство коешто се постигнува со нивната презентација, во форма на учество на меѓународни научни собири и предавања, односно дистрибуција во форма на објавени монографии и зборници во државава и надвор од неа.<br>Преку реализација на студискате програми по Фолклористика вработените во Институтот за фолклор се стремат да обучуваат кадри кои ќе продолжат да го негуваат македонскиот фолклор, во нивните најразлични, потесни специјалности, како и нивно активно вклучување во општествените процеси, со цел тие да придонесат за зачувување на фолкорот и негово промовирање надвор од државата.. |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Вид: јавна установа |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и | Решенија за акредитација на втор циклис студии по Фолклористика: |

| | |
|---|---|
| трет циклус на студии | Решение за акредитација на студиската програма Фолклористика втор циклус од Агенција за квалитет на виокото образование, Одбор за акредитација на високото образование 08-121219 од 4.9.2023 линк<br><br>Решение за акредитација на студиската програма Фолклористика терт циклус од Агенција за квалитет на виокото образование, Одбор за акредитација на високото образование 08-183/7 од 17.9.2021 линк |
| Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност | Број на наставно - научен кадар (април2024 г.):<br>7 редовни професори<br>3 вонредни професори<br>2 доценти |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | Втор циклус 1<br>Тертциклус 3 |
| Објаснете го накратко развојот на вашата установа (не подолго од 1 страница) | **Јавната научна установа Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје** е една од најстарите институции во Република Северна Македонија. Основан е на 6.4.1950 година со Уредба број 1183 на Владата на Народна Република Македонија, по предлог на Министерството за наука и култура (Сл. весник бр. 11/50), како самостојна научна институција од посебен национален интерес. Тогашното именување е: „Фолклорен институт на НРМ“.<br>Во текот на своето постоење и развој Институтот претрпел неколку трансформации: Од јуни 1979 година Институтот за фолклор е носител на името на познатиот и еден од најплодните собирачи на македонското фолклорно и етнолошко богатство – Марко Цепенков, и со тоа именување е регистриран во судот и другите надлежни установи. На 31.12.1996 година Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје од Министерството за наука има добиено Решение број 08-4261/1 за исполнетоста на условите за стекнување на својството: Јавна научна установа. Со донесувањето на Законот за научноистражувачката дејност од 1996 година, ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ од Скопје работи во согласност со одредбите на овој закон како Јавна научна установа со Статут одобрен од Владата на Република Македонија, број 23-323/9 од 18.02.1997 година, објавен во Службен весник. Новиот Статут на институцијата донесен на 20.10.2010 год. е прилагоден на новиот Закон за научноистражувачката дејност од 2008 година, а Одлуката за давање согласност на Статутот на Институтот од страна на Владата на РМ, број 51-5769/1 од 19.10.2010 година, исто така е објавен во Службен весник на РМ.<br>Дејноста на ЈНУ Институт за фолклор во 2006 година е сообразена со Законот за заштита на духовното културно наследство и се одвива во согласност со препораките на светската организација за образование, наука и култура – УНЕСКО, инкорпорирани во овој закон.<br>Започнувајќи од учебната 2008/09 година, ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“, освен за примарната научно-истражувачка дејност е регистриран и за вршење на активности од доменот на високообразовната дејност. Институтот се јавува и како организатор на студии од втор циклус (последипломски, магистерски студии) по фолклористика, а според законските регулативи што овозможуваа стекнување на научната титула |

| | |
|---|---|
| | доктор на науки само со одбрана на докторска дисертација, на Институтот се спроведоа и неколку одбрани на докторски дисертации. Од академската 2018/19 година Институтот за фолклор организира и студии од трет циклус (докторски студии) по фолклористика. |
| Кои се вашите клучни институционални капацитети? (не подолго од 1 страница) | Професорите во склоп на наставниот кадар ги имаат завршено своите магистерски и докторски студии на универзитети, факултети и институти од различни насоки во земјата и во странство на кои стекнале дипломи со титули магистер и доктор на науки од подрачјата валидни и применети во слични или идентични институции во светот чија област е фолклористиката.<br>Дел од научниот кадар се предавачи и на катедри на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како и на други Универзитети во земјата - Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, Меѓународниот балкански универзитет во Скопје и на „Американ колеџ“ во Скопје. Позитивните искуства на вработените во Институтот за фолклор „Марко Цепенков“, здобиени преку досегашните предавања на магистерските студии по Фолклористика, предавањата на факултетите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во изминатите години, и на Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип,Меѓународниот балкански универзитет во Скопје, „Американ колеџ“ во Скопје, доведоа до согледба дека за идните студенти од големо значење е мултидисциплинарноста.<br>Освен кадровскиот потенцијал со кој располага Институтот за фолклор „Марко Цепенков“, а кој е вклучен во наставата, тука се и неговата добра теоретска подготвеност за концепирање како на научни истражувања така и за вршење образовна дејност. Наставно-научниот кадар ја развива научната мисла, што се одразува во изборот на предметите, отвореноста и флексибилноста на наставната програма. Студиските програми на двата циклуси се современи, диверзифицирани и компатабилни со програмите од реномирани светски универзитети;<br>Освен ангажманот на својот научен и наставен кадар, Институтот за фолклор, во рамките на постдипломските и на докторските студии, има ангажирано, како ментори, и членови на комисии за одбрана на магистерски трудови и докторски дисертации и одреден број на истакнати научни и наставно-научни работници од научните и високообразовните установи од земјава и од странство, главно од: Бугарија, Србија, Косово и Босна и Херцеговина.Во рамките на мобилноста која е предвидена во рамките на докторските студии досега докторандите оствариле студиски престои во Русија, Литванија и Босна и Херцеговина, а исто така учествувале на научни конференции во Русија, Хрватска, Црна Гора и Кина.<br>Наставата е добро организирана со постојана достапност на професорите и потребните материјали за работа на студирање, а ваквата поставеност овозможува континуирано оценување назнаењето и ангажирање на студентите;<br>Вработените во Институтот досега има изготвено 50-тина елаборати за валоризација и ревалоризација на фолклорни добра, од кои, четири се наоѓаат и на листите на УНЕСКО за нематеријално културно наследство на човештвото.<br>Наставната програма по Фолклористика е единствена во регионот, а е присутна на балтичките и нордиски универзитети (на пример со програмата што се спроведува наФилозофскиот факултет во Естонија, на Универзитетот Тарту, и е споредлива со нешто |

| | |
|---|---|
| | потесната од нашата, којашто е застапена на Универзитетот во Хелсинки и Турку). Ваков тип фолклористички истражувања се застапени на некои еминентни универзитети во Америка, на Државниот Универзитет во Москва, Ломоносов и др.<br>Плодна и богата издавачка дејност на наставниот кадар се огледа пред сè преку списнието *Македонски фолклор*, индексирано во две бази EBSCO и CEEOL и самостојните монографски изданија. |
| Во кои области/прашања/стандарди/индикатори вашата установа постигна најголем напредок во последните пет години? (не подолго од 1 страница) | Во однос на стандардот 5: Наставен кадар:<br>- Насатвно-научниот кадар на Институтот во извештајниот период бележи плодна научноистражувачка работа односно зголемен број на објавени трудови, монографии и учество на проекти, исто така дел од научниот кадар на Институтот, исто така се ангажира во зголемена меѓународна соработка преку предавања, учество во меѓународни проекти и учество во уредувачките одбори на меѓународни списанија. Особено треба да се потенцира и посветеноста во работата со студентите што резултира со висока оценка во сите сегменти од студентските анкети.<br>Во однос на стандард 7:Управување со информации<br>- Институтот користи податоци релевантни за сите активности на наставната и научната дејност и истите се разгледуваат и дискутираат на ниво на Наставно-научен Совет и Институтска управа во насока на преземање на идни чекори за подобрување на квалитетот на активностите кои се реализираат на ИІнститутот.<br>Во однос на стандард 8: Информирање на јавноста<br>- ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Скопје редовно објавува точни, јасни,прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни податоци и информации за сите свои актвности на интернет страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми).<br>Во однос на стандард 9: Меѓународна соработка<br>Освен што континуирано ја продолжува соработката со сродните институции со кои има потпишано договори за соработка, преку учества на Меѓународниот симпозиум за балкански фолклор, спиаснието „Македонски фолклор“ има и меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваа признати научници од Србија, Албанија, Босна и Херцеговина, Полска, Словенија, Русија и Хрватска. Списанието е индексирано во меѓународните бази како што се EBSCO и CEEOL. Во однос на наставата исто така вклучува професори од странски унигверзитети во комисиите за одбрана и оцена на докторските дисертации. Професорите од институтот учествуваат во меѓународни проекти преку МАНУ или самостојно. Исто така дел од истражувачите се поканувани да држат предавања од областа на фолклористиката.<br>Од учебната 2023/2024 Институтот е влезен во програмата за меѓународна размена CEEPUS и веке се прават напори за упатување на студетите да аплицираат преку оваа програма за мобилност. Од оваа учебна година институтот е вклучен во мрежата Media in Transition / Transition in Media е прифатена и имаме можност за мобилност во партнерските институции. https://www.ceepus.info/content/home |
| Кои се вашите најголеми предизвици и недостатоци? (не подолго од 1 страница) | -Недоволната финансиска поддршка на државата за сегментот на науката, отсуството на средства за фундаменталн научноистражувачки проекти, како и недоволното признавање и примена на научноистражувачката работа го попречува |

| | |
|---|---|
| | оптималното работење на Институтот.<br>- Отсуство на алтернативни можности за финансирање на студирањето на втор и трет циклус на студии;<br>- Намален интерес за упис на студентите на вториот циклус на студии во евалуираниот период;<br>- Отсуство на индивидуална вклученост на студентите во тековните проекти;<br>- Не вработување на лица како во делот на наставно- научниот кадар , така и во делот на стручно административниот кадар; |

## 2. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

## Стандард 1

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 1.1.Институтот за фолклот има политика за обезбедување на квалитет која се базира на насоките што ги добива од актите на УКИМ кои се јавно достапни како што се: Политика на квалитет на УКИМ, Стратегија за квалитет на УКИМ, Акционен план на УКИМ. Но и во согласнот со своите акти како што се Статутот на ИНститутот за фолкор „Марко Цепенков“, Годишниот извештај на работа на ИФМЦ и Планот за работа на ИФМЦ , кои се изработуваат на годишно ниво. Во кои е опфатена целокупната активност на вработените во институтот која се однесува на научноистражувачката, стручно апликативната, издавачката вклучително и вискокобразовната дејност. Следствено квалитетот на високо образовната дејност се следи континирано и паралелносо останатите дејности. | Политика на квалитет на УКИМ,<br>Стратегија за квалитет на УКИМ,<br>Акционен план на УКИМ<br>https://www.ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=192&glavno=1<br><br>Статутот на Институтот за фолкор „Марко Цепенков“,<br>https://ifmc.ukim.mk/wp-content/uploads/2020/Statut.pdf<br><br>Годишниі извештаі на работа на ИФМЦ (2020-2023)<br>Предлог план за работа (2020-2024) |
| **Прилози**<br>1.3.А Годишни извештаи (2020-2023) за работа на ЈНУ Институт за фолклор.<br>1.3. Б. Предлог план за работа | |
| 1.2. Институтот следејќи ги своите стратегиски цели гради ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитетот на наставно-образовниот процес. Користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува самоевалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентските служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности.<br>Студентите согласно со утврдените ноирмативни акти добиваат анкетен прашалник кој е типизиран и е даден во Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на Универзитетот, објавен во „Универзитетски гласник“ бр. 244 на 30 април 2013 година во кој се бара да го оценат секој наставен предмет што го следеле во тек на односниот семестар.<br>Во анкетата се опфатени наставниците кои изведуваат настава во набљудуваниот семестар.<br>Според предвидената агенда за самоевалуацијата, за време на | Извештај од самоевалуација:<br>Самоевалуација 1 (линк)<br>Самоевалуација 2 (линк)<br>Самоевалуација 3 (линк)<br><br>Упатство за самоевалуација и обезбедување на оценување на квалитетот на единиците на универзитетот -<br>https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/samo_ev/SE-upatstvo.pdf<br><br>Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии |

| | |
|---|---|
| извештајниот период, во Институтот се спроведуваше анкета меѓу студентите од сите програми и предмети, на крајот на секој семестар, во секоја академска година.<br>Во анкетата се опфатени по најмалку 51% од слушателите на конкретен предмет и наставник. Анкетата беше спроведена од страна на Комисијата за самоевалуација, која по прибирање на сите анкетни листови, пристапи коναнализа на одговорите на прашањата.<br>Поаѓајќи од одговорноста за квалитетот и начинот на изведување на постојните студиски програми, Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ изврши увид врз квалитетот на наставата преку анонимна студентска анкета. Комисијата за самоевалуација е задолжена за анализа на резултатите, а раководителите на студиите од втор и трет циклус се задолжени да преземат соодветни мерки за подобрување на квалитетот на наставата. Во анкетата учествуваа повеќе од 50% од студентите на втор и трет циклус на студии. Содржината на анкетата ги содржеше прашања кои се однесуваат на секој предметен професор во наставната програма и се однесуваше на предметите што ги полагале. Според анкетата спроведена меѓу студентите од втор и трет циклус на студии, може да се заклучи дека студентите високо ја оценуваат обезбеденоста на соодветниот материјал за учење, тежината на испитот и објективноста при оценувањето. Исто така високо се вреднувани и другите прашања поврзани со квалитетот на наставата, односот кон студентите и достапноста на професорите за студентите. Во сите сегменти на наставата, студентите го оценија наставниот кадар во Институтот за фолклор (ИФМЦ) со највисока оценка. Исто така со највисока оценка се оценети условите на студирање, при што се истакнува достапноста на професорите и подготвеноста да понудат материјали и насоки за работа., односто на професорите и стручно административниот кадар кон студентите и богатството на архивскиот фонд на ИФМЦ со теренски материјали, аудио и визуелни ресурси кои се дигитализирани и достапни на студентите за работа. Од останатите сегменти со послаба оценка се оценети просторните услови.<br>Активностите поврзани состудентската анкета се спроведуваат во втората половина на семестарот за секој прдмет одделно. | (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – https://www.ukim.edu.mk/dokumentacija/74_668210497.pdf<br>Анкетата за оваа самоевалуација се спроведе од 10 до 23 мај 2024, а за предходните се спроведуваше секоја последна недела во семестарот .<br>Прилог 1.2.А Образец анкета - студенти<br>Прилог 1.2.Б. Образец анкета - студенти |
| **Прилози**<br>1.2.А Образец анкета - студенти<br>1.2.Б Образец анкета - студенти | |
| 1.3. Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции /организации во процесот.<br>Студентите имаат свои претставници во органите на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ каков што е Одборот за соработка и доверба со јавноста на Институтот, а еден од членовите е од редот на студентите. Студентите се вклучени и во процесот на самоевалуација на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“. Имено, како што е пропишано со законските одредби за Евалуација на образовните планови и програми на процесите за | Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје - https://www.ukim.edu.mk/dokumentacija/75_279059274.pdf<br>Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски |

| | |
|---|---|
| настава и учење, се формира Комисија за самоевалуација составена од седум члена, од кои пет се избираат од редот на професорите, а два од редот на студентите. Исто така се вклучени и во Советот за квалитет на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ - Скопје , со еден претставник. | студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – https://www.ukim.edu.mk/dokumentacija/74_668210497.pdf<br><br>Записник од Одборот за соработка и доверба со јавност на ЈНУ Институт за фолклор 02-8 од 15.1. 2021<br>Записник од Одборот за соработка и доверба со јавност на ЈНУ Институт за фолклор 02-358 од 6.10. 2022<br>Мислење од Одборот за доверба со јавност 02-9 од 15.01.2021<br>Мислење од Одборот за доверба со јавност 02-9 од 15.01.2021.<br>Решение за формирање на Совет за квалитет на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“- Скопје број 03-142 од 20.5.2024 |

**Прилози**
1.3.А Одбор за доверба со јавност (Записници и мислења)
1.3.Г Решение за формирање на Совет за квалитет на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“- Скопје број 03-142 од 20.5.2024

| | |
|---|---|
| 1.4. Во рамките на установата пред извесно време е формиран Совет за квалитет на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“- Скопје кој има за цела активно да ја следи работата на ограните и телата во Институтот и да соработува во обезбедувањето на квалитет на наставата.<br>Советот за квалитет е формиран пред кратко време, но се надеваме дека преку користење разни алаитки и предлози кои ќе доведат до развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | Решение за формирање на Совет за квалитет на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“- Скопје број 03-142 од 20.5.2024 |

**Прилози**
Решение за формирање на Совет за квалитет на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“- Скопје број 03-142 од 20.5.2024 (Прилог 1.3.Г)

| | |
|---|---|
| 1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Во извештајот од самоевалуација што е објавен на веб страната на установата е направена SWOT анализа преку која се дадени препораки за унапредување како на високообразовната дејност така и на другите дејности во ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“- Скопје.<br>Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ е јавна научна установа во која редовно се следат и се спроведуваат промените како во науката така и во високото образование, наставните програми и наставните содржини, а студиите од втор и трет циклус ги содржат најсовремените научни пристапи кон фолклористиката, со што Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ располага со солиден и докажан наставен кадар;<br>И покрај прикажаната научноистражувачка активност, сепак, на мислење сме дека научноистражувачкиот потенцијал на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ не е доволно искористен за откривање | Извештај од самоевалуација:<br>Самоевалуација 1 (2013) (линк)<br>Самоевалуација 2 (2020) (линк)<br>Самоевалуација 3 (2023)(линк)<br><br>Предлог план за работа (2020-2024) |

| | |
|---|---|
| на нови научни сознанија и за унапредување на научната мисла, што е резултат на повеќе , пред сè објективни причини. Сметаме дека една од причините е недостаток на материјални (финансиски) средства, но и несоодветно вреднување на научноистражувачката работа на ниво на државата. Во оваа смисла би го спомenale само нефинансирањето на проектите и издавачката дејност од страна на Министерството за образование и наука. Неповолната состојба со материјалните услови кои зависат од финансирањето од страна на Министерството за образование и наука се рефлектира врз квалитетот и ангажманот на сите чинители. Отсуство на модел за буџетско финансирање на научноистражувачката работа, како и рестриктивната политика на вработување води кон неповолна старосна структура на научниот и наставниот кадар.<br>Потребно е да се вложат напори за доекипирање на дефицитарниот наставнонаучен кадар, продолжување и продлабочување на меѓународната соработка и унапредување на неповолните просторни и материјални ресурси. Институтот има потенцијал за интензивирање на апликативната дејност, меѓународната соработка и соработката со сродните институции. Тука спаѓа развивање на онлајн настава, особено ако се има предвид интересот на студенти од странство за студирање на постојните студиски порограми, а исто така и развивање на електронска библиотека и дигитална база на податоци. Постојат отворени можности за ангажирање на научноистражувачки подмладок преку промоција на проекти и можности за истражување; развој на програми за мобилност и зголемување на бројот на мобилности на наставниот кадар и студентите од трите циклуси на студирање; како и развој на програми за учење од далечина и доживотно учење. | |
| **Прилози**<br>Пердлог план за работа (прилог 1.3. Б) | |
| 1.6.Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[1] | Извештај од надворешна евалуација од претходниот период;<br>Акциски план;<br>Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |
| **Прилози** | |

1 Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација односно при следната надворешна евалуација на установата.

## Стандард 2

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>2.1 Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ постапката за изработка и одобрување на студиски програми на втор и трет циклус на студии, ја води во согласност со важечките законски решенија во Република Северна Македонија.<br>Постапката за изработка и одобрување на студиските програми за втор и третциклус студии е регулирана во согласност со членот 145 од Законот за високото образование (Сл.Весник на РСМ бр. 82/18) и Упатствата, актите и правилата за поднесување и начинот напополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма од втор и трет циклус студии од Одборот за акредитација на високото образование.<br>Постапката за акредитација се спроведува редовно, на пет години, а согласно Упатството започнува една година пред истекот на тековната акредитација на студиската програма/и. Сите акти и правила со кои се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за втор и трет циклус студии на Институтот за фолклор се во согласност со наведените упатства од Агенцијата за евалуацијана високото образование, т.е. Одборот за акредитација на високото образование.<br>Документите за акредитација се подготвуваат во согласност со Правилникот зазадолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот,вториот и третиот циклус студии (Службен весник на Република Македонија бр. 25/11) и восогласност со Упатството за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација настудиска програма.</td><td>1)Закон за високото образование (Службен Весник на РСМ бр. 82/18) - https://mon.gov.mk/stored/document/Zakon%20za%20visokoto%20obrazovanie%20NOV.pdf<br>2)Правилник за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус студии (Службен весник на Република Македонија бр. 25/11) - https://www.slvesnik.com.mk/Issues/96633C22E9BEEF43B795F8DF33697B1E.pdf<br>3) Образец за акредитација на студиски програми на втор циклус студии - https://www.ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=144&glavno=40<br>4)Упатствата, актите и правилата за поднесување и начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма од  трет циклус студии – https://www.akvo.mk/doc.php<br>5)Обрасци за акредитација на студиски програми на втор циклус студии од АКВО - https://www.akvo.mk/doc.php<br>6)Обрасци за акредитација на студиски програми на втор циклус - https://www.akvo.mk/doc.php<br>7)Обрасци за акредитација на студиски програми на трет циклус докторски студии - https://www.akvo.mk/doc.php</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози</td></tr>
<tr><td>2.2.Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целта на студиската програма по Фолклористика е да се обучуваат млади кадри кои ќе продолжат да го негуваат македонскиот фолклор, во нивните најразлични, потесни специјалности, како и нивно активно вклучување во општествените процеси, со цел тие да придонесат за зачувување на фолклорот и негово промовирање надвор од државата. Студиите од втор циклус на студиската програма по Фолклористика им овозможуваат на студентите продлабочени академски знаења од оваа област, а преку специјалистичките насоки, ќе им овозможат да ги насочат своите знаења во потесни специјалности на фолклористиката.</td><td>Елаборат за докторските студии по фолклористика (линк).<br>Елаборат  постдипломски студии по фолклористика 2023 (линк)<br><br>Информации за содржините на претходните акредитации на студиските програми и резултатите со самоевалуација на иститеhttps://ifmc.ukim.mk/%d1%81%d1%82%d1%83%d0%b4%d0%b8%d0%b8/</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| Третиот циклус на студии води кон поспецијализирани студии од фолклористиката претставена преку предложените две насоки на истражување Рефлексивна фолклористика и Апликативна фолклористика.<br>Преку рефлексивната фолклористика се истражуваат самите локализирани пракси (нивното потекло) и заедници како етнофеномени, но пред сè причините како истите успеваат да го привлечат вниманието на пошироката публика, начин на кој, и причина поради која модерното доба ги креира новите традиции, како и хибридните форми и жанрови. Фундамент за сите горенаведени истражувачки фокуси ќе претставува историјата, теоријата и методологијата на фолклористичката наука која е во постојан дијалог со сродните дисциплини.<br>Целта на Апликативната фолклористика е проширување на знаењата и разбирањата за фолклорот во поинаков контекст кој ја прикажува употребата на фолклорните изразни елементи во различни современи состојби кои опфаќаат културолошки, антрополошки, социолошки, историски, политички, економски и други појави. Притоа, кандидатите ќе имаат можност да ја увидат употребната функција на фолклорот во различни современи аспекти на живеење со што се надминува теорискиот аспект на фолклористиката, која во овој случај добива поширока интерпретација и можност да се изучува од практичен аспект кој вклучува интердисциплинарни пристапи од повеќе хуманистички и општествени дисциплини. | |
| **Прилози** | |
| 2.3.Програмата на магистерските и докторските студии по Фолклористика претставува значаен сегмент во академската средина, насочувајќи се кон академско надоградување на кадри за специфични профили на кои им се овозможува напредување во нивниот професионален развој. Кадрите што произлегуваат од досегашните акредитации, според нашите сознанија, активно се вклучени во образовниот процес на разни катедри во високообразовни институции, како штосе: Музичка академија при УГД Штип, Филолошки факултет при УГД Штип, Филолошки факултети ДУ Тетово и Филолошки факултет во Приштина, Косово. Исто така, стидентите кои завршиле втор и трет циклус на студии во Институтот за фолклор се вработени во научни институти, како што се: Институт за фолклор „Марко Цепенков““ – Скопје, Институт за духовното и културното наследство на Албанците во Скопје, институции од областа на заштитата на културното наследство, како што е Националниот конзерваторски центар за културно наследство. Студентите што магистрирале на групата по фолклористика имаат можност своите студии да ги продолжат на како на пример Меморијален универзитет во Њуфаундленд, Св. Џонс, Канада (Memorial University of Newfoundland in Canada). Со самото тоа се покажува дека студиската програма е усогласена не само со Националната класификација на занимања туку и со меѓународните стандарди во однос на образовниот процес. | Записник од Одборот за соработка и доверба со јавност на ЈНУ Институт за фолклор 02-8 од 15.1. 2021<br>Записник од Одборот за соработка и доверба со јавност на ЈНУ Институт за фолклор 02-358 од 6.10. 2022<br>Мислење од Одборот за доверба со јавност 02-9 од 15.01.2021<br>Мислење од Одборот за доверба со јавност 02-9 од 15.01.2021 |
| **Прилози**<br>1.3.А Одбор за доверба со јавност (Записници и мислења) | |
| 2.4. Студиските програми коко што налгаат законските одредби | Записник од Одборот за соработка и доверба со јавност на ЈНУ Институт за фолклор 02-8 од 15.1. |

| | |
|---|---|
| се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси, институции во кои се одвида дејност поврзана со студиските програми што ги нуди Институтот за фолклор. Фактот дека сите студенти кои завршиле втор и трет циклус студии во институтот се вклучени во работата на ссодветни образовнни, научни и државни институции покажува дека студиската програма е усогласена не само со Националната рамка на занимања туку и со меѓународните стандарди во однос на образовниот процес. Институтските органи, Совет на докторски студии, Научниот совет, а пред сѐ Одборот за доверба ги анализира прибраните информации, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. По иницијатаивва на студентите е организирана работилница под наслов: „Механизми на заштита и зачувување на нематеријалното културно наследство“<br>За размена на искуства во меѓусебната работа исто така во 2022 е организирана научна конференција со наслов: „Современата состојба на фолклорот низ призмата на истражувањата на младите фолклористи“, Кратово 21-22. 05. 2022.<br>Како добра практика овде може да се истакне договорот за соработка со Националната установа „Танец“, што резултираше со учество на соработници на ИФМЦ во одбележувањето на 75 години НУ „Танец“, со предавање за филмот „Ритам и Звук“ и учество во трибина за женската традиционална носија. Континуираната соработка со Средното музичко училиште „Илија Николовски –Луј“ Оделот за традиционална игра, во кој има вработено студенти кои ги завршиле своите посдипломски и докторски студии. | 2021<br>Записник од Одборот за соработка и доверба со јавност на ЈНУ Институт за фолклор 02-358 од 6.10. 2022<br>Мислење од доборот за доверба со јавност 02-9 од 15.01.2021<br>Мислење од доборот за доверба со јавност 02-9 од 15.01.2021<br>Одлука за организирање научен собир Современата состојба на фолклорот низ призмата на истражувањата на младите фолклористи“, Кратово 21-22. 05. 2022 бр. 02-127 од 24.3. 1022<br>Програма на научниот собир „Современата состојба на фолклорот низ призмата на истражувањата на младите фолклористи“, Кратово 21-22. 05. 2022<br>Договор за сорработка со НУ „Танец“ бр. 03-182 од 20.3. 2024<br><br>Линк од работилницата: „Механизми за заштита и зачувување на нематеријалното културно налседство“<br>https://www.facebook.com/profile.php?id=100083324348087<br><br>Линк до настанот „Танец во фокусот“<br>https://www.facebook.com/profile.php?id=100083324348087 |
| **Прилози**<br>1.3.А Одбор за доверба со јавност (Записници и мислења)<br>2.4.А Одлука за организирање научен собир во Кратово<br>2.4.Б Програма на научниот собир „Современата состојба на фолклорот низ призмата на истражувањата на младите фолклористи“, Кратово 21-22. 05. 2022<br>2.4.В Договор за сорработка со НУ „Танец“ бр. 03-182 од 20.3. 2024 | |
| 2.5.Програмата на студиите од втор и трет циклус е усогласена со најдобрите странски практики и искуства, земајќи ги предвид спецификите на фолклористиката како наука од една страна и од друга страна спецификите на нашиот фолклор од друга страна. Студиските програми во себе ги вклучуваат современите научни сознанија од повеќе научни области како што е филологијата, етнологијата, етномузикологијата, историјата на уметност и архитектурата низ интердисциплинарен пристап - што може да се согледа во предметните програми кои се составен дел од Елаборатите за втор и трет циклус на студии.<br>Во рамките на студиите , а особено при одобрување и одбрана на магистерските и докторските тези во коисиите се вклуучуваат искучителни стручњаци од странство како што е проф. д-р Димитреије Големовиќ од Универзитет уметности Блеоград, проф. д-р Драгица Паниќ од Универзитетот од Бања Лука и др.<br>Во рамките на меѓународната конференција *Екоантропологија: помеѓу човекот и околината,* се одржани прадавање од: проф. д-р Бојан Баскар од Универзитетот во Љубљана (Словенија) и на проф. д-р Мартина Топиќ од Универзитетот Лидс Бекет (Обединето кралство).<br>Во рамките на третиот циклус на студии, преку Докторската | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Елаборат докторските студии по фолклористика (линк).<br>Елаборат постдипломски студии по фолклористика 2023 (линк)<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години.<br>Димитрије Големовиќ<br>https://www.fpu.bg.ac.rs/zaposleni/2114/<br>Драгица Паниќ Кашански<br>https://www.unibl.org/fis/zaposlen/5323-dragica-panic-kasanski<br>Мартина Топиќ<br>https://www.leedsbeckett.ac.uk/blogs/leeds-business-school/authors/martina-topic/<br>Бојан Баскар https://www.ff.uni-lj.si/en/staff/bojan-baskar |

| | |
|---|---|
| школа, студентите од третиот циклусстудии имаа можност да присуствуваат на предавањата на неколку гости предавачи од странскиуниверзитети:<br>На 26.4.2022 година и 27.4.2022 преку Универзитетската школа на докторски студии, застудентите на трет циклус студии – докторски студии се одржа дводневно предавање во живо напрофесорот Бенџамин Грег од Универзитетот во Тексас.<br>На 30.30.2022 преку Универзитетската школа на докторски студии, за студентите на трет циклусстудии – докторски студии се одржа онлине предавање на проф. Jacob Chakareski, AssociateProfessor in the College of Computing at the New Jersey Institute for Technology (NJIT), САД.<br>На 11.11.2021 преку Универзитетската школа на докторски студии, за студентите на трет циклусстудии – докторски студии се одржа онлине предавање на проф. д-р Кирил Трпков од Универзитетот во Калгари, Канада. | Видео материјал од предавањата https://www.youtube.com/@ECOANTHROPOLOGY/videos<br><br>Листа на предавања на трет циклус студии во рамките на Школата за докторски студии на УКИМ линк<br><br>Листа на студиските програми со странски практики и искуства.<br>Faculty of Philosophy, University of Tartu, Estoniahttps://ut.ee/en/department-philosophy<br>Chair of Estonian and Comparative Folkloreof Tartu, Estonia https://kultuuriteadused.ut.ee/en/department-of-estonian-and-comparative-folklore<br>University of California, Berkeley https://folklore.berkeley.edu/<br>The University of Chicago https://humanities.uchicago.edu/<br>Ohio University https://www.ohio.edu/<br>Московский государственный университет имени М. В. Ломоносоваhttps://msu.ru/ |
| **Прилози** | |
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман настудентот и вклучуваат добро структуирани активности кои му овозможуваат на студентот дастекне искуства во областа на неговите студии. Оптоварувањето му овозможува на студентотда учествува во надворешни активности за време на студиите по сопствен избор. Практичнатанастава која се спроведува во установата воорганизирана форма соодветно евалоризирана во вкупното оптоварување на студентот и нејзината реализација редовно сеследи.<br>Системот на студирање на вториот и третиот циклус на студии е согласно со Болоњскиот процес и Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) и е опишан детално во Елаборатот на студиската програма за втор и трет циклус на студии по Фолклористика. Напредувањето на студентите е според освоените ЕКТС кредити.<br>Оптоварувањето на студентот со активности во установата е соодветно димензионирано за втор и трет циклус на студии и овозможува студентот да остварува надворешни активностиза време на студирањето. Ваквиот пристап е од особено значење, со оглед на тоа штодоминантно студентите од втор и трет циклус на студии се вработени. Преку запишување настудентите на втор и трет циклус на студии, тие имаат можност да го комбинираат инадоградуваат своето практично знаење со знаењето кое го стекнуваат на соодветната студискапрограма.<br>Преку доделување нумерички вредности на секој предмет, ЕКТС - кредитите гопретставуваат обемот на работа што студентот мора да го реализира за да го положи испитот.<br>ЕКТС - кредитите се релативно мерило, бидејќи обемот на работа за еден предмет гоставаат во однос со вкупниот обем на работа потребен да се комплетира една студискагодина, во што | Сите релавантни податоци за студентите се наоѓаат на веб страната на Институтиот за фолклор „Марко Цепенков“<br><br>https://ifmc.ukim.mk/<br>https://ifmc.ukim.mk/ii-%d1%86%d0%b8%d0%ba%d0%bb%d1%83%d1%81/<br>https://ifmc.ukim.mk/iii-%d1%86%d0%b8%d0%ba%d0%bb%d1%83%d1%81/ |

| | |
|---|---|
| се вклучени: предавања, семинарски работи, и индивидуална работа - во библиотеки или во местото на престој - како и испити идруги можни методи на евалуација.<br>ЕКТС е заснован на вкупниот обем на работа на студентот, а не само на посетувањетонастава. Во рамките на ЕКТС, општо правило е дека 60 кредити претставуваат (оптимален)обем на работа за една академска година, т.е. 30 кредити се еквивалент за еден семестар.Според ЕКТС, оптоварувањето на студентите на втор циклус студии е 60,а затрет циклус на студии од 180 ЕКТС.<br>Оптовареноста на студентите од втор и трет циклус на студии е јасно распоределена воелаборатите на секоја студиска програма и истата се распределува на следните форми наnаставните активности: предавања-теоретска настава, вежби, семинари, тимска работа, семинарска работа, самостојни задачи и домашно учење. | |
| **Прилози** | |
| 2.7. Сите информации за студиските програми на втор и трет циклус на студии навремено се објавуваат на интернет страната на Институтот и истите кореспондираат со официјалнитезаписи. А за подобро информирање на студентите тие се информираат и по електронска пошта од страна на раководителите на втор и трет циклус студии. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. За секојастудиска програма е прикачен елаборатот, потребните заолжителни и изборни предмети со соодветните кредити, содржината на секој предмет со наставниците, како и ситедокументи кои се неопходни за информирање на студентите во врска со вториот и третиот циклус на студии. | Линк до веб страна каде се објавени наведените информации.[2]<br><br>https://ifmc.ukim.mk/<br>https://ifmc.ukim.mk/ii-%d1%86%d0%b8%d0%ba%d0%bb%d1%83%d1%81/<br>https://ifmc.ukim.mk/iii-%d1%86%d0%b8%d0%ba%d0%bb%d1%83%d1%81/ |
| **Прилози** | |
| 2.8. Високообразовните установи ги следат и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници.<br>Високообразовните установи ги следат и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница.<br>Почнувајќи од учебната 2008/09 година Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ има добиено акредитација за студиската програма по Фолклористика од втор циклус – Решение за акредитација донесено од Одборот за акредитација на високото образование (Службен весник бр. 12 од 26.02.2008), а по претходно донесена одлука на Советот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ за утврдување студиска програма за овие студии (бр. 02-150 од 15.05.2007) и по дадена согласност на студиската програма од Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (02-464 од 09.07. 2007), а во | Статут (линк)<br>Структура на студиската програма (линк)<br>• Акредитација 2013 (линк)<br>• Акредитација 2018 (линк)<br>• Акредитација 2023 (линк)<br>• Решение 2018 (линк)<br>• Решение 2023 (линк)<br>• Решение за почеток со работа (линк)<br>• Елаборат 2017 (линк)<br>• Елаборат 2023 (линк)<br>• Самоевалуација 1 (линк)<br>• Самоевалуација 2 (линк)<br>• Самоевалуација 3 (линк)<br>Студиска програма трет циклус – елаборат<br>Елаборат за докторските студии по фолклористика (линк).<br>-Структура на студиската програма 2021 (линк)<br>-Решение (линк)<br>-Решение за акредитација (линк) |

2 Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

| | |
|---|---|
| 2012 година Министерството за образование и наука на РМ донесува Привремено Решение за почеток со работа на студиската програма од втор циклус последипломски студии по Фолклористика на ЈНУ „Марко Цепенков“ во Скопје (бр. 13-1537/4 од 22.08.2012), кое важи до 15.09.2013 година. На последипломските студии по Фолклористика со 4 семестри, досега магистрираа 9 кандидати и се здобија со Диплома за магистер по фолклористика, со што се стекнаа со 120 кредити според ЕКТС.<br>Почнувајќи од 2014/15 година Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ има добиено акредитација за студиската програма „Фолклористика“, втор циклус едногодишни студии – Решение за акредитација донесено од Одборот за акредитација на високото образование (решение бр. 13-130/2 од 20.11.2013 година), а Комисијата за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Фолклористика формирана од страна на министерот за образование и наука со решение бр. 15-2448/1 од 29.11.2013, по извршениот увид изготви Извештај бр. 13-869/1 од 21.01.2014 каде што е наведено дека за студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Фолклористика на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“, како придружна членка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност (Службен весник, бр. 103/10, 168/10 и 10/11). Сето ова беше направено по претходно донесена одлука на Научниот совет на Институтот за фолклор за организирање на студиска програма од втор циклус едногодишни студии по Фолклористика (бр.02-103, одржан на 28.02.2013), како и по претходна одлука на Универзитетскиот сенат на УКИМ за усвојување на таа студиска програма заведена под бр. 02-671 на неговата 11 седницата одржана на 26.06.2013 година. Студиите се предвидени во траење од 1 година – 2 семестри и вкупен број на кредити заедно со изработка на магистерски труд во вредност од 60 ЕКТС, студентите се здобиваат со Диплома магистер по фолклористика. Студиската програма се состои од задолжителни и изборни предмети, чиј соодност на застапеност е 60%: 40%. Студиската програма по Фолклористика двосеместрални студии од одборот за акредитација доби Решение за акредитација под број 1409-64/2 од 28. 3. 2018 г. врз основа на кое Министерството за образовение и наука донесе решение за исполнетост на уловите за работа УП1 бр.14-865 од 13. 4. 2018 г.. По новата, двосеместрална (едногодишна) студиска програма по фолклористика, досега се запишале вкупно 17 студенти, од кои шесмина ги завршија студиите, а до започнувањето на академската 2023/2024 год., со статус на активни студенти се шестмина, кои се во различни фази од студирањето. Студиите од трет циклус Фолклористика според новата програма беа одобрени од Одборот за акредитација и евалуација во 2017 година, со Решение од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование од 23.11.2017 год. (бр. 1409-163/2), а Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус по Фолклористика, МОН го издаде во јануари 2018 год. (УП1 бр. 14-145). Реакредитација на студиската програма на трет | |

| | |
|---|---|
Врз основа на овој сумарен преглед на објавените посебни публикации инаучни трудови во референтни научни публикации на наставно-научниот и соработничкиот кадар на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ може да се констатира дека во периодот 2019-2024 година се забележува континуитет во работата и унапрадување во објавувањено на статии особено во списанија кои се индексирани во најмалку 1 електронска база, како и  позитивен тренд во објавувањето на монографски изданија, како во издание на Институтот за фолклор така и кај други издавача, што е резултат на богата научноистражувачка

| | |
|---|---|
| активност. Притоа, треба да се има предвид релативно малиот број на вработени во Институтот и мошне ограничените финансиски ресурси за научноистражувачка работа. | |

**Прилози**
Прилог 5.2.А Број на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот.
Прилог 5.2 Б Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот.

| | |
|---|---|
| 5.3. Во наставниот процес кадарот на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ е вклучен во реализација наобразовни активности на втор и трет циклус на студии. При ангажирањето нанаставниот кадар се води сметка за неговата оптовареност согласно Законот зависоко образование (член 161). Прегледот на бројот предметите кои секој наставникги предавал во текот на годината (по семестри) на втор и трет циклус на студиипокажува дека во последните пет години во Институтот нема професори кои имаатповеќе од 4 предмети во текот на еден семестар (Прилог 5.3.А). Во делот нанаставните активности Институтот за фолклор ги пресретнува и пропишанитеакти од Колективниот договор за високо образование и наука (член 34), а кои воделот на наставните часови може да изнесуваат максимум 6 наставни часа неделно,односно максимум 180 наставни часа годишно.<br>Врз основа на прегледот во Прилог 5.3.А може да се констатира дека станува збор за релативна избалансираност на оптовареноста на наставниот кадар вопоследните пет години на вториот циклус согласно поставените норми и стандарди.<br>Таа е условена од малиот број на запишани студенти како и на нивната различна ориентираност кон студиските програми во одделни години и предметите што се избираат од листата на изборни предмети. Во однос на оптовареноста на наставниот кадар на Институтот на третиот циклус на студии, која исто така е согласно поставените норми и стандарди, значајно е да се укаже дека докторантите за секој предмет на докторски студии имаат можност да изберат од листа на повеќе професори. Во вакви околности релативно мала е можноста за поголема оптовареност, односно зголемен индивидуален ангажман на еден наставник во текотна семестарот.<br>Во делот на менторствата, исто така, се води евиденција да не се надминуваат пропишаните одредби во Законот за високо образование (член 134 и член 135), според кои еден наставник може да има 12 менторства на втор циклус студиии и 3 менторства на трет циклус на студии (Прилог 5.3.Б).<br>Број на часови на наставниот кадар. На втор циклус на студии во Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во извештајниот период се реализира една акредитирана студиска програма, којае сообрзена со барањата на пазарот на трудот. Студиската програма е едногодишна (4+1, 60 кредити, два семестри). Имено фондот на часови (предавања и вежби) по задолжителни предмети изнесува 45 часа на програмите 4+1 (30 часа предавања и 15 часа вежби).Фондот на часови (предавања и вежби) за изборните предмет, пак, изнесува 30 часа (4+1). Ваквиот фонд на часови по одделни предмети соодветствувана очекуваниот стручен профил што треба да го добие секој студент по завршувањето на избраната студиска програма и овозможува признавање на соодветниот профил од страна на други универзитети.<br>Индивидуалниот ангажман на наставниот кадар во Институтот за | Прилози 5.3.А - Преглед на број предмети кои секој наставник ги предавал во учебната 2023/2024<br><br>Ангажираност со часови на следните линкови:<br>https://ifmc.ukim.mk/ii-%d1%86%d0%b8%d0%ba%d0%bb%d1%83%d1%81/<br>https://ifmc.ukim.mk/iii-%d1%86%d0%b8%d0%ba%d0%bb%d1%83%d1%81/<br><br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. Линк до Вработени во ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ , Скопје<br>https://ifmc.ukim.mk/%d0%b2%d1%80%d0%b0%d0%b1%d0%be%d1%82%d0%b5%d0%bd%d0%b8/ |

| | |
|---|---|
| фолклор според бројот на часови, на вториот итретиот циклус на студии,треба да се посматра во контекст на претходно изнесените информации во однос на бројот на предметипо наставник во текот на еден семестар (Преглед 5.3.А), како и бројот на запишанистуденти на одделни студиски програми. Со поставувањето на бројот на предметикои секој наставник ги предавал во текот на годината (по семестри) на вториотциклус на студии и бројот на предвидени часови за секој предмет (кои сепретставени одделно за секоја едногодишна и двогодишна програма на веб сајтот на Институтот https://ifmc.ukim.mk/ii-%d1%86%d0%b8%d0%ba%d0%bb%d1%83%d1%81/<br>покажува дека немало голема оптовареност на наставниот кадар од аспект на бројотна реализираните часови. Во прилог на оваа констатација, треба да се укаже дека на некои од предметите на вториот циклус на студии предвидените активности (предавања, вежби, консултации, одржување на испити) ги реализираат по два наставника.<br>Освен тоа, во овој контекст треба да се има предвид дека се станува збор за запишани 1-3 студенти од учебна година , па се применува консултативно -инструктивна настава може да се применува кога има мали групи на студенти. Вопоследните години на студиската програма по Фолклористика втор циклус беа запишани вкупно 7 студенти И тоа 2019/2020 гидина -1, 2020/2021 година -1, 2021/2022- 1, 2022/2023-3, 2023/2024 -1.На студиската програма по Фолклористика трет циклус 2021/2022 е запишан 1 студент, во учебната 2022/2023 -2 и во учебната 2023/2024 се запишани 3 студенти.<br>Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ има 12 лица во наставно-научно звања во работен однос со полно работно време, со што го исполнува условот да има најмалку 10 професори. Список на лица избрани во наставно-научнизвања во редовен работен однос со полно работно време во Институтот е прикажанво Прилог 5.1.Б. | |
| **Прилози**<br>Прилог 5.3.А - Преглед на број предмети кои секој наставник ги предавал во учебната 2023/2024 | |
| 5.4 При вработувањето на наставен и соработнички кадар, како и при изборите,реизборите и унапредувањето на наставниците и соработниците, Институтот за фолклор во целост ги почитува критериумите, стандардите и обврските коишто произлегуваат од законот за научноистражувачка дејност, Законот за високо образование, Статутот на Универзитетот, „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Статутот на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ Скопје, Правилникот за систематизацијата на работните места во ИФМЦ, Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручнии соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје и Правилникот за утврдување на дополнителни критериуми за избор во повисоко научно звање и за предвремен избор во научно звање во ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ - Скопје . Од аспект на ангажирањето, односно вработувањето нанов наставен и соработнички кадар Институтот доследно ги почитува строгите законски нормативи, грижејќи се за квалитетно и навремено | https://ifmc.ukim.mk/wp-content/uploads/transparentnost/%D0%9F%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B8%D0%BB%D0%BD%D0%B8%D0%BA.pdf<br><br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања https://ifmc.ukim.mk/%d0%b2%d1%80%d0%b0%d0%b1%d0%be%d1%82%d0%b5%d0%bd%d0%b8/<br><br>Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна се дадени во прилог 5.1.Б |

| | |
|---|---|
| спроведување на постапките согласно предвидените рокови.<br>Прегледот на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставнии соработнички звања, кој се однесува на периодот 2019-2024 година, потврдува дека во ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ се воведени транспарентни, јасни и во согласност со законските нормативи, процеси на унапредување, односно избор на наставниот кадар во повисоки звања и на постапки за нови вработувања наннаставници и соработници кои овозможуваат еднакви можности. Во прегледот хронолошки се претставени објавените конкурси, бројот на пријавени кандидати ибројот на избрани кандидати во последните пет години (Прилог 5.4.А). Притоа, забележливо е дека на секој конкурс се пријавило по едно лице, односно деканемало противкандидати кои аплицирале на истиот конкурс, а со тоа и немало постапки по приговори од останати кандидати. Независно од тоа, постапката и роковите се целосно почитувани и се во согласност со актите за напредување на постојниот наставен кадар и вработување на нови наставници и соработници.<br>Во насока на транспарентност на постапките за избор на наставниот кадар воповисоки звања и за нови вработува сите рецензентски извештаи за избор заедно соодлуката за избор може да се најдат онлајн на профилите на сите избрани лица на веб страницата на Институтот. Во овие документи јасно се претставени аргументите зошто била избрана во повисоко звање или вработена одредена личност во научно или соработничко звање и да се провери исполнетоста на критериумите занаправениот избор. Денес повеќе од половина (7 лица) од наставниот кадар се редовни професори. А во однос на останатите истражувачи се применува континуирано унапредување на праксата за да кореспондира со утврдените критериуми.<br>Во насока на доследна примена на измените во регулативата Институтот континуирано гиревидира актите со кои се регулираат сите сегменти на неговото делување,вклучително и процесите на избор во звања и нови вработувања кои овозможуваат еднакви можности.<br>Притоа беа донесени следните акти:<br>- Статут на ЈНУ Институт за фолклор „Мако Цепенков“, Скопје<br>- Правилник за систематизација на работните места во ЈНУ Институт за фолклор „Мако Цепенков“, Скопје<br>- Колективен договор на ЈНУ Институт за фолклор „Мако Цепенков“, Скопје (Синдикат на самостојните Јавни научни установи.<br>Кадровската политика на Институтот за фолклор во последните години беше насочена кон реализација на транспарентни постапки за напредување на постојниотнаставен кадар согласно законските нормативи, актите на Универзитетот и актите на Институтот, како и добивање на согласности за вработување на нов наставен и соработнички кадар. При процесите на селекција и избор во целост се почитува Законот за научноистражувачка дејност и Правилникот за утврдување на дополнителни критериуми за избор во повисоко научно звање и за предвремен избор во научно звање во ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје. Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно- | |

| | |
|---|---|
| стручнии соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде се пропишани сите детали околукритериумите за избор, а кои првенствено се базираат на квалитет при изборот воповисоки звања на постојниот кадар и вработување врз основа на еднакви можности. | |
| **Прилози**<br>Прилог 5.1.Б Одлуки | |
| 5.5. Обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот и соработничкиоткадар е регулирано со Статутот и другите релевантни акти на Институтот за фолклор.. Во постојните простории институтот делува околу повеќе децении и во континуитет настојува да го прилагоди расположливиот простор (одоколу 500 м2) и да ги унапреди материјално-техничките услови за работа, како нанаставниот и соработничкиот кадар, така и на вработените во административниотсектор.<br>За реализација на образовниот процес наставниот кадар има на 320 м$^2$ и тоа: 17 работни простории (200 m2 ); Библиотека (30 m$^2$); Архив (25 m$^2$ ); Ходници (31 m$^2$ ); Санитарен дел (27 m$^2$ ); Кујна (7 m$^2$) и подрумски дел во кој има 140 м$^2$ со: депо за библиотека (31 m$^2$ ); 2 простории за архив и збирки (44 m$^2$ ); просторија за изданија на Институтот (24 m$^2$ ); студио за снимање (41 m$^2$ ).<br>Во наставно-образовната дејност Институтот за фолклор од самиот почеток користиинформациско-комуникациски технологии (ИКТ). Сите наставници, соработници иадминистративниот кадар користат современи компјутери (десктоп и/или лаптоп,односно преносни компјутери). Денес Институтот располага со функционалнаинформатичка и друг вид на опрема која ја сочинуваат: 20 деск компјутери; 6 камери; 10 магнетофони; 5 дигитални снимачи; 2 LCD прожектори; 3 табли; систем за учење од далечина/виртуелни менторски консултации; сервер; 10 печатари; 2 машини за копирање; 10 скенери; мрежни интернет приклучоци и мрежна опрема; стабилна Интернет/Wifi мрежа, (Прилог 5.5.А).<br>Библиотеката располага со голем библиотечен фонд од областа на Фолклористиката, како и сродните научни области.<br>Работата набиблиотеката е од затворен тип, односно главни корисници на библиотечниот фондсе вработените, како и студентите на вториот циклус на студии и докторантите на Институтот, но по барање според утврдена постапка се дозволува пристап до библотечниот фонд и на истражувачи од сродните институции од земјава и ос странство.<br>Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на сите единици им овозможуваелектронски пристап до седум (7) научни бази. Линковите за лиценциранелектронски пристап до сите седум (7) научни бази, може да се најдат наинтернет страната на Универзитетот. За научниот кадар и соработниците на Институтот за фолклор е обезбеден пристап до :<br>• EBSCONet - водечка електронска библиотека која овозможува пристап доповеќе бази на податоци за истражување, е-списанија, е-книги и сл.<br>https://search.ebscohost.com/<br>Со библиотечното работење се опфатени следниве активности: | Прилог 5.5.А |

| | |
|---|---|
| спроведување на техничка и компјутерска обработка на библиотечниот материјал и негова евиденција согласно важечките библиотечни стандарди; следење и применување на правилата и прописите од областа на библиотечното работење; подготвување на одбранети магистерски и докторски трудови за испраќање во НУБ „Св. Климент Охридски“.<br>Врз основа на годишните планови се прави план на јавни набавки, кој се спроведува согласно законската регулатива, а се проследени со транспарентни постапки за кои се изработуваат и соодветни извештаи. Овие извештаи се разгледуваат на Институтската управа и се усвојуваат на Научниот совет. Повеќе информации за јавните набавки за последните пет години (2019-2023 година) може да се најдат на веб страницата на Институтот.<br>Во извештајниот период, според финансиите со кои располага Институтот за фолклор беа набавени : 8 преносни компјутери и 6 принтери со скенер<br>(Прилог 5.5.А). | |
| **Прилози**<br>5.5.А Извештаи од пописна комисија 2020-2023 и список на опрема | |
| 5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини.<br>Во последните пет години активностите на Институтот за фолклор се насочени кон унапредување на наставниот кадар беа реализирани во услови на мошнеограничени финансиски средства за оваа намена и континуирани напори за обезбедување на дополнителни средства од различни извори. Притоа, иако предавањата на професорите: Проф. Бојан Баскар, Институт за етнологија и културна антропологија од Универзитетот во Љубљана, и на Проф. Мартина Топиќ (вонреден професор на Универзитетот во Алабама)) одржани за време на меѓународната конференција Ecoantrhopology: between Man and Environment одржана 31.5-1.6. 2023 г. во Скопје, беа пред се за студентите од втор и трет циклус на нив учествуваат и професорите од Институтот за фолклор.<br>Исто така во рамките на апликативната дејсност заштита на нематеријално културно наследство се одрджа работилница како за студентите, така и за вработените во ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ со наслов „Механизми на заштита и зачувување на нематеријалното културно наследство“.<br>Освен обуки кои се однесуваат на научноистражувачката и апликативната дејност во облкаста унапредување на наставата од страна на раководителот на трет циклус студии се посетувани работилници во рамки на школата за докторски студии.<br>Но освен што се вршат обуки на наставно научниот кадар во Институтот за фолклор и самите вршат обуки на студенти и наставници преку предавањата во рамките на Семинарот за македонски јазик литеартура и култура, Лидија Стојановиќ, Конески и Миладиновци: во знак на новата духовност, Во: LIV летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура предавања / Тркалезна маса ,,Блаже Конески во наставата по македонски јазик, литература и култура на странските универзитети“, Скопје, 2022, стр.66-73. Види: https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/2021-54_seminar- | Линк од работилницата: „Механизми за заштита и зачувување на нематеријалното културноналседство“ https://www.facebook.com/profile.php?id=100083324348087<br>Видео материјал од предавањата Ecoantrhopology: between Man and Environment одржана 31.5-1.6. 2023 г. во Скопје https://www.youtube.com/@ECOANTHROPOLOGY/videos<br><br>Прилог 5.6. А Работилница |

| | |
|---|---|
| predavanja.pdf -<br>- https://www.youtube.com/watch?v=14vDsTk9AWg,<br>Лидија Стојановиќ Guest Lecturer / In Between: Change of Mentality or Tearing of Habitus (60th International Academic Week 2022 Return Migration and its Consequences in Southeastern Europe) (Südosteuropa-Gesellschaft – SOG: Muenchen, Germany (4.10.2022), https://www.sogde.org/en/<br>Лидија Стојановиќ 2022-12-15 to 2022-12-15 \| Guest Lecturer/ The Exodus of the Macedonians from Greece: Woman's narratives about WWII and their Exodus, Justus-Liebig-Universität Giessen<br>: Gissen, Germany , DE- https://www.sogde.org/en/events/vortrag-lidija-stojanovic/<br>Лидија Стојановиќ „Love and Humanism in Chinese and West European Traditional Culture" во рамките на: YES Young Experts Symposium 2023: "Love and Humanism in Chinese Traditions", (Beijing Normal University at Zhuhai) Beijing Normal University at Zhuhai<br>北京师范大学全球化与文化发展战略研究院·特聘研究员)https://mp.weixin.qq.com/s/-KADEIFJZI2gUmxqxOYYcQ -<br>(25.11.2023). | |
| **Прилози**<br>5.6.А Работилница | |
| 5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност.<br>Во последните пет години во студиските програми на втор и трет циклус на студии, како гости учествувале афирмоирани експерти во комисии за одбрана и оцена на докрорските дисертации.<br>Предавања одржале: Проф. Бојан Баскар, Институт за етнологија и културна антропологија од Универзитетот во Љубљана, и на Проф. МартинаТопиќ (вонреден професор на Универзитетот во Алабама) одржани за време на меѓународната конференција *Ecoantrhopology: between Man and Environment* одржана 31.5-1.6. 2023 г. во Скопје,<br>На Трет циклус на студии преку Докторската школа, студентите од третиот циклус студии имаа можност да присуствуваат на предавањата на неколку гости предавачи од странски универзитети:<br>- На 26.4.2022 година и 27.4.2022 преку Универзитетската школа на докторскистудии, за студентите на трет циклус студии – докторски студии се одржа дводневнопредавање во живо на професорот Бенџамин Грег од Универзитетот во Тексас.<br>- На 30.30.2022 преку Универзитетската школа на докторски студии, за студентитена трет циклус студии – докторски студии се одржа онлине предавање на проф.Jacob Chakareski,Associate Professor in the College of Computing at the New Jersey Institute for Technology (NJIT), САД.<br>- На 11.11.2021 преку Универзитетската школа на докторски студии, за студентитена трет циклус студии – докторски студии се одржа онлине предавање на проф. д-рКирил Трпков од Универзитетот во Калгари, Канада<br>- На 24.09.2021 преку Универзитетската школа на докторски студии, за студентитена трет циклус студии – докторски студии | Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години.<br>Димитрије Големовиќ<br>https://www.fpu.bg.ac.rs/zaposleni/2114/<br>Драгица Паниќ Кашански<br>https://www.unibl.org/fis/zaposlen/5323-dragica-panic-kasanski<br>Мартина Топиќ<br>https://www.leedsbeckett.ac.uk/blogs/leeds-business-school/authors/martina-topic/<br>Бојан Баскар https://www.ff.uni-lj.si/en/staff/bojan-baskar<br><br>Видео материјал од предавањата https://www.youtube.com/@ECOANTHROPOLOGY/videos<br><br>Листа на предавања на трет циклус студии во рамките на Школата за докторски студии на УКИМ https://www.ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=166&glavno=8 |

| | |
|---|---|
| се одржа online предавање на PaulStubbsод Економскиот институт во Загреб. Хрватска.<br>Биографиите на наставниците што се вклучуваат во наставата, со предавања или како членови на комисиите за оцена и одбрана на докторските дисертации во текот на реализацијата на студиските програми на вториот и третиот циклус на студии недвосмислено потврдуваат дека станува збор за афирмирани научници и стручњаци во научнитеобласти. Нивниот ангажман е содветен со студиските програми, претставува значајна додадена вредностза студентите.<br>Иако беше предвидена активна вклученост на поголем број визитинг професори, нивниот број не беше голем, поради новонастанатите околности со Ковид пандемијата во последните години, како и нивната збиена агенда и договоренангажман во пост-Ковид периодот. Независно од тоа, предавањата и вклученоста на професори на универзитети од странствово комисиите за оцена и одбрана на докторските дисертации донесоа додадена вредност за студиската програма. | |
| **Прилози** | |
| 5.8.Поттикнување на научната работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу науката и наставата.Мобилноста е една од можностите за унапредување на истражувачките ипедагошките капацитети на наставно-научниот кадар на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Скопје. Во таа насока, во последните пет години Институтот настојуваше да создадешто повеќе можности за своите вработени и студентите (на вториот и третиотциклус) за нивно активно вклучување во меѓународни активности преку мобилност во рамки на програмите за размена како што се Еразмус+ и CEEPUS, како и преку договорите и воспоставените мрежи на соработка со сроднивисокообразовни и научни установи. Па така од учебната 2023/2024 година наставниците и студентите од институтот имаат можност за мобилност перку програмата CEEPUS, да аплицираат за мобилност.<br>Во институтот за фолклор во извештајниот период се работеше проектот „Меморија и екокосмос“ во рамките на кои се одржа една работилница и една научна конференција Меѓународната конференција *Ecoantrhopology: between Man and Environment* (Public Room 31.5.-1.6.2023) Skopje and worldwide via Zoom - www.ifmc.ukim.mk, https://www.youtube.com/@ECOANTHROPOLOGY.<br>Како резултат на истражувањата наставниците кои учествуваа во проектот заедно со помладите истражувачи објавија над триест труда и учествуваа на дваесеттина научни конмференции. Се објавија и два броја на меѓународното списание *Македонски фолклор* (бр. 83 и 84), во кои се објавија и дел од резултатите на научните истражувања. Подетално за објавените трудови во поединечните биографии на наставно-научниот кадар во Институтот.<br>Во извештајниот период освен наведената конференција „Ecoantrhopology: between Man and Environment”организирани се и следните научни конференции:<br>„70 години Институт за фолклор и 50 години фолклористичка дејност на Иван Котев“Струмица, на 27 и 28 август 2021 г. (петок | *Ecoantrhopology: between Man and Environment* (Public Room 31.5.-1.6.2023) Skopje and worldwide via Zoom - www.ifmc.ukim.mk, https://www.youtube.com/@ECOANTHROPOLOGY.<br><br>Меѓународен симпозиум за балкански фолклор https://ifmc.ukim.mk/%d1%81%d0%b8%d0%bc%d0%bf%d0%be%d0%b7%d0%b8%d1%83%d0%bc/ |

| | |
|---|---|
| и сабота), во хотелот Сириус.<br>21-от Меѓународен симпозиумза балкански фолклор „Традиција, медиуми, дигитален свет“ , 25.11.2022, Скопје.<br>20-от Меѓународен симпозиум за балкански фолкоор во организација на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ на тема „Фолклористика: предизвици и перспективи“ 22-ри и 23-ти ноември 2019, Скопје<br>https://ifmc.ukim.mk/%d1%81%d0%b8%d0%bc%d0%bf%d0%be%d0%b7%d0%b8%d1%83%d0%bc/ | |
| **Прилози** | |
| 5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. Институтот за фолклор во континуитет ја реализира својата заложбаза воведување на иновации во наставата поддржани со нови технологии, ана оваа цел останува посветен оваа своја цел ја остварува преку набавка наинформатичка опрема и реализација превземање активности насочени кон унапредување на постојните и воведување нанови методи на настава и комуникација со студентите.<br>Целисходноста на оваа заложба особено дојде до израз за време на Ковид-19, кога започна користењето на платформите како што е Zoom и Scype, како можности за одржување на онлајн предавања, вежби, консултации иипспити. Оваа комуникација со студентите, посебно преку платформата Zoom, во некои сегменти остана да се користи и во пост-Ковид периодот (во делот на споделување на презентации, материјали исл.) | Киристење на Zoom платформата за предавања, консултации, работилници, учество на конференции и симпозиуми. Предавањеата за студентите на колегите од странство исто така се држеа преку оваа платформа, а истите се снимени и ставени на Youtube<br>https://www.youtube.com/@ECOANTHROPOLOGY. |
| **Прилози** | |
| 5.10. Институтот за фолклор доследно го почитува Етичкиот кодекс наУниверзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и се залага за доследна примена насите етички правила во наставата и научната работа, при што не прифаќаникаква форма на фалсификат или плагијаторство (член 19 и 20) во научноистражувачката работа и во образовниот процес.<br>Дисциплинската одговорност на студентите е регулирана со Статутот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје (членови 36 – 49). Институтот за фолклор посебно внимание посветува во делот намагистерските и докторските трудови. Имено, од кандидатите, односноавторите на овие трудови се бара да поднесат соодветна изјава заоригиналност на трудовите, а во спротивно може да се соочат содисциплинска постапка. Освен тоа, менторите конечните верзии намагистерските и докторските трудови, пред нивната одбрана ги подвргнуваат на проверка за плагијаторство преку софтверскиот пакет на Министерството за образование и наука. Повратниот Извештај на Министерството во отпечатена форма го предаваат во службата за студентски прашања и тоа се чува во досието на студентот / докторантот.<br>Етичките норми во делот на плагијаторството еднакво се однесуваат и натрудовите на наставно-научниот кадар. Покрај тоа што во Институтот за фолклор не постои софтвер за спречување на плагијатизам, односно за проверка на научнитетрудови објавени од установата. Сите трудови, посебни | Етички кодекс УКИМ https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/248_Eticki_kodeks.pdf |

| | |
|---|---|
| публикации (книги,монографии и сл.) и статии се рецензираат од наставно научниот кадар одсоодветната област, од земјава и од странство. | |
| **Прилози** | |
| 5.11. Научно-истражувачката работа на вработените во Институтот се следи на неколку нивоа. Директорот на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ еднаш годишно подготвуваИзвештај за работа во кој се претставени сите активности за претходната година.<br>Извештајот на директорот се разгледува и усвојува согласно со статутот на Институтот на Совет со членови претстваници на владата на РС Македонија. Во Институтот за фолклор постојат пет оддели: 1, оддел за фолклористика и етнотеатрологија, 2. Етнолошки оддел 3. Етномузикологија и етнокореологија 4. Одел за етнологијата и фолклорот на другите народи што живеат во РС Македонија 5. Одел за традиционални уметности и архитектура кои се основни внатрешни организациски единици на установата. Раководителите на Одделенијата еднаш годишно подготвуваат извештаи за работа, во кои се претставени сите активности на наставниот и соработничкиот кадар во делот на образовниот процес и научноистражувачката работа. Наставниот и соработничкиот кадар има обврскада ги евидентира сите активности во текот на годината. Истовремено, се праватнапори научноистражувачките активности да бидат видливи на онлајн платформите (Research gate, Google scholar и др.).<br>Освен тоа, се изработува и годишен извештај за реализирани активности во рамкина Научно-истражувачки проект на Институтот, со цел да се сумираат и елаборираат активностите во делот на научноистражувачката работа и финансиските аспекти поврзани со проектот.<br>Утврдените активности поврзани со научноистражувачката работа во Статутот наУниверзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје и Статутот на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Скопје кореспондираат со насоките од Законот за научноистражувачка дејност. | Закон за научноистражувачка дејност https://mon.gov.mk/stored/document/zakon-za-naucno-istrazuvacka-dejnost.pdf<br><br>Статут на УКИМ https://ukim.edu.mk/dokumenti_m/264_STATUT_UKIM-6.6.2019.pdf<br><br>Статутот на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Скопје https://ifmc.ukim.mk/wp-content/uploads/transparentnost/Statut%20na%20Institutot%20za%20folklor.pdf |
| **Прилози** | |
| 5.12. Соодветноста и важноста на научноистражувачката работа на наставно-научниоткадар на Институтот за фолкплор се верификуфа на различни начини и нивоана соработка, со асоцијации, институции и организации (во земјата и странство).<br>Наставно-научниот кадар на Институтот за фолклор е вклучен во значајнирегионални и меѓународни научни асоцијации и мрежи, како што се:International Society for Folk Narrative Research, International conference on Mythology and Folklore, University of Bucurest, Departement of Foreign Languages and Literatures, Departement of Classical Philology and Neogreek Institute of Classical Studies, ICTM Study group on music and dance in Southeastern Europe<br>На покана на овие научни асоцијации и мрежи, како и соодветните научно образовните институции во последните пет години наставно-научниот кадар на Институтот реализираше соработка на научни проекти,: Учество (експерт) во Меѓународниот проект “Knowledge, Preservation and Promotion of old centres in Albania and North Macedonia Republic”, Sites et Cités | Лидија Стојановиќ scientific consultant on the project Narrations of fear: from old inscriptions to new orality (FEAR), led by Renata Jambrešić Kirin), Projektleiter am IOS, Horizon 2020) (2016-2019- http://www.cultural-opposition.eu/<br>Лидија Стојановиќ COURAGE. Connecting collections“, led by Ulf Brunnbauer), исто така учествува во уредувачките одбори на меѓународни списанија: Poznańskie Studia Slawistyczne Adam Mickiewicz University Press. ISBN 978-83-232-2409-9. ISSN 2084-3011. http://www.pss.amu.edu.pl/<br>**https://pressto.amu.edu.pl/ojs_3/pliki/pss/Lidija%20Stojanovi%C4%87%20.pdf**,<br>Списание Folkloristika 5/2 (2020) www.folkloristika.<br>Изаим Мутрезани учество во уредувачки одбор на “Gjurmime albanologjike. Folklor dhe |

| | |
|---|---|
| remarquables de France, L'Association des Villes et Pays d'art et d'histoire et des Cites patrimoniaux, 2021-2022 година (Емилија Апостоловска-Чаловска), Institute of Ethnology and Folklore Research, HRZZ, 2017-2021 (Лидија Стојановиќ scientific consultant on the project Narrations of fear: from old inscriptions to new orality (FEAR), led by Renata Jambrešić Kirin), Projektleiter am IOS, Horizon 2020) (2016-2019- http://www.cultural-opposition.eu/ (Лидија Стојановиќ COURAGE. Connecting collections", led by Ulf Brunnbauer), исто така учествува во уредувачките одбори на меѓународни списанија: Poznańskie Studia Slawistyczne Adam Mickiewicz University Press. ISBN 978-83-232-2409-9. ISSN 2084-3011. http://www.pss.amu.edu.pl/ **https://pressto.amu.edu.pl/ojs_3/pliki/pss/Lidija%20Stojanovi%C4%87%20.pdf**, Folkloristika 5/2 (2020) www.folkloristika, a "Gjurmime albanologjike. Folklor dhe etnologji" (Албанолошки истражувања. Фолклор и етнологија) на Албанолошкиот Институт во Приштина. Истражвачите од Институтот беа поканети да одржат предавања во Германија и Кина, на пр. Лидија Стојановиќ:<br>-Guest Lecturer / In Between: Change of Mentality or Tearing of Habitus (60th International Academic Week 2022 Return Migration and its Consequences in Southeastern Europe) (Südosteuropa-Gesellschaft – SOG: Muenchen, Germany (4.10.2022), https://www.sogde.org/en/, 2022-12-15 to 2022-12-15 \|<br>- Guest Lecturer/ The Exodus of the Macedonians from Greece: Woman's narratives about WWII and their Exodus, Justus-Liebig-Universität Giessen : Gissen, Germany , DE- https://www.sogde.org/en/events/vortrag-lidija-stojanovic/<br>- „Love and Humanism in Chinese and West European Traditional Culture" во рамките на: YES Young Experts Symposium 2023: "Love and Humanism in Chinese Traditions", (Beijing Normal University at Zhuhai) Beijing Normal University at Zhuhai 北京师范大学全球化与文化发展战略研究院·特聘研究员)https://mp.weixin.qq.com/s/-KADEIFJZI2gUmxqxOYYcQ - (25.11.2023). | etnologji" (Албанолошки истражувања. Фолклор и етнологија) на Албанолошкиот Институт во Приштина.<br>Истражвачите од Институтот беа поканети да Лидија Стојановиќ: https://www.sogde.org/en/, https://www.sogde.org/en/events/vortrag-lidija-stojanovic/ https://mp.weixin.qq.com/s/-KADEIFJZI2gUmxqxOYYcQ |
| **Прилози** | |

## Стандард 6

| СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 6.1. Активностите кои ги спроведува Институт за фолклор Марко Цепенков -Скопје се финансираат со средства од Министерството за образование и наука и сосопствени средства. Во календарската 2023 година, Институтот на сметкатана буџетски средства оствари приходи и расходи во вкупен износ од14.934,928 денари. Овие средства се обезбедени од Министерството за образование и наука. Во истиот период,Институтот за фолклор насметка на сопствени средства оствари приходи во износ од 860.935денари, од кои 268.568 денари се пренесени од претходната година. | Прилог. 6.1. А Образец за финансиско работење<br>Прилог 6.1.Б Извештаи за финансиско работење |

| | |
|---|---|
| Во календарската 2022 година, Институтот на сметкатана буџетски средства оствари приходи и расходи во вкупен износ од 14.212.471,00денари. Овие средства се обезбедени од Министерството заобразование и наука. Во истиот период,Институтот за фолклор насметка на сопствени средства оствари приходи во износ од 1.559.258,00 денари, од кои 1.077.768 денари се пренесени од претходната година.<br>Во календарската 2021 година, Институтот реализираше вкупно приходи одбуџетски средства во износ од 14.613.028 денари и приходи од сопственисредства во висина од 1.535.510 денари од кои пренесени од претходна година се средства во висина од 881.230 денари.<br>Во 2020 година,реализирани се 16.228.655 денари приходи на буџетска сметка и 1.702.454денари, приходи на сопствена сметка од кои 795.611 денари се пренесени од претходна година.<br>Системот на финансирање на установата е ефикасен и се базира на потребите на студентите.<br>Институтот континуирано инвестира од сопствени средства за подобрувањена активностите за учење и настава , збогатување на библиотечен фонд,информатичка мрежа и информатичка технологија, ре/акредитација на студиската програма, овозможување на нови акредитирани ментори и слично.<br>Финансирањето на научно-истражувачката дејностс сереализира согласно одобрувањето на финансисите планови од МОН. Активностите поврзани со научноистражувачката и апликативната дејност кои се финансираат согласно оваа Одлука опфаќаат учество на научноистражувачки и апликативни проекти, издавање научни трудови, учест во во рецензиони комисии во издавачката дејност (како рецензии на научни книги, монографиии сл.), рецензии на трудови публикувани во меѓународното научно списание на Институтот, активности за реализација на семинари, симпозиуми, курсеви и програми за стручно и професионално усовршување организирани од Институтот.<br>Трошоците за научноистражувачка работа кои вклучуваат реализиранипатувања, организација на конференции, семинари и издавање на научни публикации на Институтот се следните: 485.743 денари во 2020 година, 467837 во 2021 година ,208.729 денари во 2022 година и 339.964 денари во 2023 година.<br>Согласно горенаведеното, Институтот издвојува 2,75% во 2020 година, 2,9% во 2021 година ,1,35% во 2022 година и 2,1% во 2023 од вкупните приходигенерирани во тековната година за научноистражувачка работа. | |
| **Прилози**<br>Прилог 6.1.А Образец за финансиско работење<br>Прилог 6.1.Б Извештаи за финансиско работење | |
| 6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | Попис на информатички ресурси за учење на далечина се дадени во стандард 5.5.А<br><br>Линк до Архивот на ИФМЦ<br>https://ifmc.ukim.mk/%d0%b0%d1%80%d1%85%d0%b8%d0%b2/.<br>Линк до списанието „Македонски фолклор“<br>https://ifmc.ukim.mk/spisanie-mf/. |

| | |
|---|---|
| Институтот за фолклор располага сопростор од 460 m2 , распределен на:<br>Приземен дел (320 m2 ):<br>17 работни простории (200 m2);<br>Библиотека (30 m2);<br>Архив (25 m2);<br>Ходници (31 m2);<br>Санитарен дел (27 m2 );<br>Кујна (7 m2);<br>Подрумски простории (140 m2 ):<br>депо за библиотека (31 m2);<br>2 простории за архив и збирки (44 m2); просторија за изданија на Институтот (24 m2); студио за снимање (41 m2).<br>20 деск компјутери;<br>6 камери;<br>10 магнетофони;<br>5 дигитални снимачи;<br>2 LCD прожектори;<br>3 табли;<br>систем за учење од далечина/виртуелни менторски, консултации;<br>сервер;<br>10 печатари;<br>2 машини за копирање;<br>10 скенери;<br>мрежни интернет приклучоци и мрежна опрема; стабилна Интернет/Wifi мрежа.<br>Институтот има библиотечен фонд со над 10.000 единици, а библиотеката има доволем број на седишта за работа на студенитие.Во последните пет годуини набавени се 158 изданија кои се релавантни за областа фолклористика. Библиотечниот фонд исто така им е достапен на студентите , а голем дел на изданијата , ако имаат потреба од тоа им се доставува и во PDF. формат.<br>Институтот за фолклор располага и со сопствен архив во кој се архивирани над 4.000 снимени аудио ленти, богат фонд на фотодокументација со над 6.000 фотографии, збирки од текстилни предмети, обредни лебови, музички инструменти итн. Голем дел од аудио материјалите и скоро целиот фонд од дешифрираниот материјал на истите е дигитализиран. Визуелните записи исто така во голем дел се дигитализирани, како на пример фотографиите и цртежите.<br>Бидејки Институтот за фолклор се наоѓа на едно ниво, сметаме дека е пристапен како за студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потребии сите имаат пристап до сите ресурси. Аудиовизуелните ресурси (теренски , аудио и визуелени материјали со кои располага Институтиот), а кои се составен дел на Архивот на студентите и другите истражувачи кои имаат потреба од нив им се даваат во копија, во дигитална форма. А дел од материјалите се и на веб страната и институтот https://ifmc.ukim.mk/%d0%b0%d1%80%d1%85%d0%b8%d0%b2/.<br>Исто така изданијата на списанието *Македонски фолклор* се достапни за сите преку веб страната на Институтот https://ifmc.ukim.mk/spisanie-mf/.<br>Брзиот развој на информатичката технологија и нејзината широка распространетост овозможува учењето на далечина да | План за јавни набавки е објавен на https://www.e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/Home.aspx#/home |

| | |
|---|---|
| биде подостапно. Институтот располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина.<br>Дополнително, со воведување на електронскиот систем Iknow на ниво на Универзитетот, голем дел од активностите на студентската служба се онлајн, што овозможува студентите на далечина да пријавуваат предмети и испити, да добијат увид во пријавените и положените испити и слично.<br>Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг на установата Техничките ресурси на институтот континуирано се мониторираат преку годишни пописи на расположливата опрема (инвентар, информатичка и техничка опрема, итн) на крајот од секоја календарска година. Техничките ресурси исто така соодветно се надградуваат според реалните потреби ифинансиските капацитети на установата а во согласност со Програмата за работа на Институтот за фолклор како и годишните планови за јавни набавки. | |
| **Прилози**<br>5.5. А Извешати од пописна комисија 2020-2023 и список на опрема | |
| 6.3. Стручно-административната служба во рамки на ЈНУ Институт за фолклор , Скопје е организирана во согласност со Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работни места на институтот. Помошно/административната служба во периодот 2019-2023 вклучува 5 лица во редовен работен однос кои ги извршуваат активностите поврзани со правните, општите и техничките<br>работи за непречена реализација на дејноста на институтот, како и сите активности кои се опфатени со студентската служба, библиотечното работење, архивското работење. И едно лице кое се грижи за финансиското рботење со договор на дело. Во текот на извештајниот период Институтот за фолклор се соочи со<br>пензиниорање на дел од вработени во стручно-административната служба. Како резултат на што секторот финансиско рботење не е покриен од вработено лице. Од 2024 година поради пензионирање на соработникот правник (секретар) се појави потреба за ангажирање на уште едно лица на договор на дело. Се надаваме дека овие две места, како и местото на возач-хаусмајстор наскоро ќе се пополнат и стручно-административната служба ќе може да рботи во полн капацитет.<br>Стручно-административната служба на институтот тековно и непречено ги опслужува студентите согласно нивните барања и потреби. Имено, земајќи го предвид степенот на студии (втор и трет циклус на студии), повеќето од студентите на Институтот се во работен однос. Оттука, вработените лица во административната служба се постојано достапни за електронска комуникација со студентите, а за потребите кои треба да се завршат со физичко присуство се договараат за терминот кој најмногу му одговара на студентот и вработениот. Пример вработениот доаѓа подоцна тој ден и останува подолго на работа. Професорите освен во работно време консултациите и предавањата кои се по менторски систем ги држат и попладне, а голем дел од консултациите студентите можат да ги добијат и по електронски пат.<br>Бројот на вработени во помошните/административните служби и нивниот профил е соодветен на бројот на студенти.<br>Помошно/ административната служба на ИФМЦ-Скопје вклучува | Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>https://ifmc.ukim.mk/%d0%b2%d1%80%d0%b0%d0%b1%d0%be%d1%82%d0%b5%d0%bd%d0%b8/<br><br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години Прилог 6.3.А |

| | |
|---|---|
| 5 лица во редовен работен однос односно по едно вработено лице на следните позиции: Секретар (до 3.5. 2024), Самостоен референт – архивар 2, Библиотекар и хигиеничар.<br>Од вработените лица во стручно административната служба 4 лица се со високо образование а едно е со средно образование. Листата на вработени во помошно административната служба е дадена во прилог.<br>Помошниот и административниот кадар има можност за развој на сопствените компетенции преку обуки кои се соодветни за нивната работа<br>Помошниот и административниот кадар ги развива сопствените компетенции на индивидуална основа преку посетување на обуки во делот на правната служба, во доменот на јавните набавки и материјално и сметководствено работење. Во периодот мај 2023 година 1 лице од административниот кадар посетуваше обука за правници.<br>Секретарот двапати годишно во последните пет години посетува обука за правници, а еднаш посетувал и обука за јавни набавки заедно со председателот на комисијата за јавни набавки. | |
| **Прилози**<br>6.3.А Лица кои посетувале обука | |
| 6.4. Во анализираниот период Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ реализираше еден научноистражувачки проект и неколку апликативни проекти. Како дел од научноистражувачкиот проект „Меморија и екокосмос“ финансиран од министерството за образование и накуа 2021-2023 не беа вклучени студенти запишани на втор и трет циклус на студиите по фолклористика, но имаа можност да учествуваат во научната конференција *Екоантропологија: помеѓу човекот и околината,*која се одржа во рамките на проектот, која се одржа во периодот 30.5. 2023-1.6. 2023, а на која покрај вработените во ИФМЦ, студенти и поранешни студенти учествуваа и професори од УКИМ и од други универзитети од странство.<br>Студентот м-р Даниел Петровски, доби подршка од Институтот за фолклор за апликтивниотр проект „Материјална култура на Ромите“, кој разултираше со Научна конференција во организација на ИФМЦ и здружението „Романо Ило“, која се одржа на 28.11.2024 во НУБ , а на кој учество земаа, студенти по фолклористика, професори на ИФМЦ и на Природно-математичкиот факултет од УКИМ.<br>Поради немање национални проекти, односно само еден Институтот немаше можност да ги вклучи студентите во истите, но затоа организираше научен собир во 2022 На кој учествуваа студентите со своиизлагања и во рамките на XXI Меѓународниот симпозиум за балкански фолклор ги потикнува студентите да учествуваат во него со свои излагања. Во оваа година исто така се планира да се одржи XXII Меѓународниот симпозиум за балкански фолклор, на кој се планира студентите да земат учество со свои научно истражувачки трудови.<br>Воедно манторите и професорите ги потикнуваат студентите да улчествуваат во научни собири во странство.<br>Процентуалното учество на студентите на трет циклус на студии вклучени во научноистражувачки проекти е релативно солиден. Сепак, во иднина, институтот треба да се фокусира и на вклучување на студенти циклус на студии во националните | Научна конференција „Современата состојба на фолклорот низ призмата на истражувањата на младите фолклористи“, Кратово 21-22. 05. 2022 (Програма) Прилог 2.4.Б<br><br>Линк до информација за конрefенцијата *Екоантропологија: помеѓу човекот и околинатав*https://ifmc.ukim.mk<br><br>Научна конференција „Материјална култура на Ромите“, 28.11.2024 (Програма) Прилог 6.7.А |

научноистражувачки проекти.

**Прилози**

Прилог 2.4.Б

Прилог 6.7.А Програма научна конференција „Материјалната култура на Ромите“

6.5. Институтот за фолкор нема вработено советник за академски развој, со оглед на тоа дека институтот има само втор и трет циклус на студии и повеќето од студентите се веќе во работен однос. Грижата за студентите и нивната кариера се одвива преку менторите иако досега не е формиран Одборот за евиденција и соработка со дипломираните студенти на Институтот (Алумни). Останива во иднина да се формира Алимни согласно Законот за високо образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018) .

Законот за високо образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018) - https://mon.gov.mk/stored/document/Zakon%20za%20visokoto%20obrazovanie%20NOV.pdf

*Овој дел го пополнува високообразовната установа. Објаснувањето на исполнувањето на индикаторот треба да биде конкретно, концизно и поткрепено со релевантни факти, информации, документи итн.*

**Прилози**

6.6.. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. Истовремено, како резултат на потесната соработка за време на студирањето помеѓу наставниот кадар (особено менторите) и студентите на втор и трет циклус на студии, Институтот за фолклор ги продолжува контактите и соработката со својата алумни заедница. Институтот треба дaработи на воспоставување на електронски систем за регистрирање на членовите на алумни заедницата, со што ќе се овозможи посеопфатенпристап во реализација на заеднички активности.
Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти.
Во извештајниот период ИФМЦ реализираше низа настани на кои учество земаа и дел од членовите на алумни заедницата. На пример, XXI Меѓународен симпозиум за балкански фолклор, на кој земаа учество голем број од нив, текстовите со кои настапија беа објавени во списанието „Македонски фолклор“ бр. 83 и 84.
Членови на алумни заедницата земаа и активно учество во организација на работилницата „Механизми на заштита и зачувување на нематеријалното културно наследство“. реализирана од страна на институтот. Како и мултимедијалниот настан по повод одбележувањето на 75 години НУ „Танец“, со предавање за филмот „Ритам и Звук“ и учество во трибина за женската традиционална носија. Изложба „КОНДАКОВ ВО МАКЕДОНИЈА (1900 година)“ која е резултат на дигитализацијата на архивот на Институтот за фолклор. Изложбата беше отворена во Битола на 16 октомври.
Институтот за фолклор реализираше конференција „Современата состојба на фолклорот низ призмата на истражувањата на младите фолклористи“, Кратово 21-22. 05. 2022на кој учествуваа освен сегашни и поранешни стиденти на втор и трет циклус на студии, а трудовите се објавени во списанието *Македонски фолклор* бр. 82

Линк од работилницата: „Механизми за заштита и зачувување на нематеријалното културно наследство“
https://www.facebook.com/profile.php?id=100083324348087

Линк до настанот „Танец во фокусот“
https://www.facebook.com/profile.php?id=100083324348087

Линк од објавените трудови во списанието „Македонски Фолклор“:
https://ifmc.ukim.mk/spisanie-mf/

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 6.7. Институтот за фолклор „Марко Цепенков“, како Јавна научна установа, а во согласност со Законот за високо образование нема Студентско собрание а со тоа ниту студентски | Законот за високо образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018) – |

| | |
|---|---|
| правобранител на ниво на единица. Универзитетскиот правобранител ги застапува правата и интересите на студентите од втор и трет циклус. Но студентите кои ги завршиле студиите во Институтот за фолклор преку своите работни ораганизации се вклучени во Одборот за односи со јавност преку кој имаат можност да се искажат во однос на подобрување на студиската програма.<br>Освен тоа вклучени се и во Советот за квалитет, каде имаат можност да се искажат за понатамошниот развој на Институтот. | https://mon.gov.mk/stored/document/Zakon%20za%20visokoto%20obrazovanie%20NOV.pdf<br><br>Записник од Одборот за соработка и доверба со јавност на ЈНУ Институт за фолклор 02-8 од 15.1. 2021<br>Записник од Одборот за соработка и доверба со јавност на ЈНУ Институт за фолклор 02-358 од 6.10. 2022<br>Мислење од Одборот за доверба со јавност 02-9 од 15.01.2021<br>Мислење од Одборот за доверба со јавност 02-9 од 15.01.2021<br>Одлука за формирање на Совет за квалитет |
| **Прилози**<br>Прилог 1.3.В | |
| 6.8. Студентите се запознаваат со услугите кои им стојат на располагање на повеќе начини. Најкористен начин на пристап до информации е преку веб страната на институтот каде студентите можат да ги најдат скоро сите информации кои се однесуваат на студиските програми, распореди на предавања и испити, информации за активности и настани кои се организирани, информации за студентска мобилност, публикации како иорганизирани меѓународни соработки, конференции, вебинари и слично.<br>Студентите исто така активно ги користат и социјалните мрежи (Фејсбук) за добивање на информации за настани кои се организираат на институтот.<br>Во институтот може да се добијат и печатени промотивни материјали кои се однесуваат на студиските програми, структурата на програмите, професорите и слично. | 1. Линк од секција Студии на веб страната на институтотhttps://shorturl.at/SD7wB<br>2. Линк од Фејсбук страната на институтот https://www.facebook.com/profile.php?id=100083324348087<br>3. Линк новости https://ifmc.ukim.mk/%d0%bd%d0%be%d0%b2%d0%be%d1%81%d1%82%d0%b8/ |
| **Прилози** | |

# Стандард 7

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 7.1. Во Институтот за фолклор во делот на високообразовната дејност редовно се прибираат, анализираат и користат информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. Институтот за фолклор оваа го прави користејќи го компјутерскиот систем iKnow. Системот е развиен од страна на Универзитетот Св. Кирил и Методијсо единствена цел електронско прибирање, водење и користење на ситепотребни податоци релевантни за студентите и студиските програми.<br>Институтот како единица на УКИМ го користи овој систем, кој | Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации<br>Акт за регулирање (доколку е применливо)<br>Доказ дека системот е функционален.<br>IKNOW СИСТЕМ - https://www.iknow.ukim.mk/ |

| | |
|---|---|
| овозможуваелектронско прибирање, следење и анализа на податоци кои се однесуваатна број на запишани студенти, реализирани семестри, слушани и положениispiti, постигнат успех на студентот, како и магистрирани студенти.<br>Дополнително, во однос на бројот на запишани и дипломирани студенти севодат и матични книги за запишани и дипломирани студенти на дватациклуси посебно. iKnow системот овозможува пристап на сите чинители вообразовниот процес (наставен кадар, стручно-административен кадар иступенти), кои согласно дадените привилегии во системот можат да гиследат сите достапни податоци.<br>Работата на наставниот кадар се следи преку годишните извештаи кои според статутот на институтот се разгледуваа во рамките на Советот. | |
| **Прилози** | |
| 7.2 Студентите се активно вклучени во прибирање на информации заквалитетот на наставата. Имено, анкетата за самоевалуација се спроведуваза секој семестар и преку истата се прибираат информации кои сеоднесуваат на материјалите за учење, очекувањата и тежината наматеријалот, квалитетот на наставата, достапноста на наставниот кадар икомуникацијата со кадарот. Резултатите од самоевалуацијатапретставуваат индикатор за повеќе аспекти релевантни за студиските програми и нивниот квалитет.<br>И наставно-научниот кадар е активно вклучен во прибирање на информации. На годишно ниво, преку одделенијата се прибираат податоцизa наставната, научноистражувачката и апликативната дејност на секој однаставниците, а анализата на собраните податоци е интегрирана вогодишниот извештај на работата на институтот.<br>Добиените информации се користат за планирање на тековни и идниактивности со цел подобрување на наставата и наставните методи,подобрување на условите за студирање, вмрежување со странски партнери,подобрување на меѓународната соработка и слично. | Линк од Годишен извештај https://ifmc.ukim.mk/wp-content/uploads/transparentnost/godisen_izvestaj.pdf<br>• Самоевалуација 1 (линк)<br>• Самоевалуација 2 (линк)<br>• Самоевалуација 3 (линк)<br><br>План за работа на Институтот за фолклоор 2024 |
| **Прилози** | |
| 7.3. Иако Институтот нема формален регистар за значајни настани, сепак, навремено ги објавува сите информации поврзани со значајни настани и активности на веб страната и на социјалните мрежи (Фејбук)<br>Покрај информациите достапни на веб страната, сите релевантни настани и активности се вклучени и образложениивоГодишниот извештај за работата на институот кој е достапен на вебстраната.<br>Податоците се собираат, анализираат и се користат за потребите настратешкиот менаџмент на Институтот односно анализираните податоци иинформации редовно се разгледуваат и дискутираат на ниво на Научениот Совет и Институтска управа во насока на преземање на идни чекориза подобрување на услугите и квалитетот на активностите кои се реализираат на Институтот. | Линк од Фејсбук страната на институтот https://www.facebook.com/profile.php?id=100083324348087<br>Линк новости https://ifmc.ukim.mk/%d0%bd%d0%be%d0%b2%d0%be%d1%81%d1%82%d0%b8/<br>Годишни извештаи (2020-2024) Приог 1.3.А |
| **Прилози**<br>Прилог 7.1. Листа на настани | |

| | |
|---|---|
| 7.4. ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ врши прибирање и обработка на личниподатоци со цел реализација на дејноста која ја извршува. Прибирањето иобработката на личните податоци, особено личните податоци наступентите, се врши во согласност со одредбите на Законот за заштита налични податоци, применувајќи соодветни технички и организациски методи за безбедност на податоците. Во однос на личните податоци кои сесобираат во хартиена форма, институтот спроведува соодветни мерки занивна заштита односно установата ги чува и обработува личните податоциво согласност Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедувањетајност и заштита на обработката на личните податоци.<br>Во однос на електронскиприбраните податоци, преку iKnow системот, поддршката, одржувањето изаштитата на податоците на системот е централизирано односноуправувано од страна на Универзитетот. | Законот за заштита на личните податоци (Сл. Весник на РМ бр. 7/05, 103/08, 124/10, 135/11, 43/14 и 153/15)<br>https://mon.gov.mk/category/?id=36<br><br>Правилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци (Сл. Весник на РМ бр. 39/08, 128/10 и 158/10) |
| **Прилози** | |

# Стандард 8

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 8.1. Редовно објавување на податоци за своите актвности и за студиските програми. Информациите објавени на веб стараната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје, редовно објавува податоци за своите актвности и за студиските програми.<br><br>Институтот редовно ги информира студентите, но и пошироката јавност за своите акивности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на Институтот се корисни за за потенцијалните и тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица, како и за пошироката јавност. Дополнително, редовно се спроведуваат одредени активности поврзани со промоција на Институтот. Во овие активности учествуваат административниот и наставниот кадар. Во однос на присуството на социјалните медиуми, задолжен е одговорен вработен од научно-истражувачкиот кадар. Така на веб станата се наоѓаат активностите во рамките на проектот „Меморија и екокосмос“ и Меѓународната конференција „Екоантропологија... “.<br><br>На веб страната на Институтот достапни се информации од јавен карактер (завршни сметки, јавни набавки), информации за студиските програми од втор и трет циклус, структурата на вработени во Институтот, новости за тековните активности, дигитална архива итн.<br><br>Институтот за фолклор јавно ги објавува одбраните на докторските дисертации на страната на УКИМ. | Линк од секција Студии на веб страната на институтотhttps://shorturl.at/SD7wB<br>Линк од секција Самоевалуација на веб страната на институтот https://shorturl.at/U4frE<br>4. Линк од Фејсбук страната на институтот https://www.facebook.com/profile.php?id=100083324348087<br>5. Линк од секција Информации од Јавен карактер https://shorturl.at/2UN8Z<br>6. Линк од Годишен извештај https://ifmc.ukim.mk/wp-content/uploads/transparentnost/godisen_izvestaj.pdf<br>7. Линк од секција за Меѓународна соработка https://shorturl.at/pNDje<br>8. Линк од секција Вработени во Институтот https://shorturl.at/ODQh7<br>11. Линк новости https://ifmc.ukim.mk/%d0%bd%d0%be%d0%b2%d0%be%d1%81%d1%82%d0%b8/<br>12. Линк до објавата за конференцијата „Ecoantrhopology: between Man and Environment” : www.ifmc.ukim.mk, и https://www.youtube.com/@ECOANTHROPOLOGY |

| | |
|---|---|
| https://www.ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=174&glavno=8<br><br>Институтот јавноста се известува за одбраната на докторските и магистерските трудови преку печатените медиуми, односно весникот „Нова Македонија“ и „Коха“. Во весникот „Нова Македонија“ и „Коха“ се објавуваат и сите Конкурси за избор во звања во периодот 2023/2024 има објавено десетина информации од овој вид.<br><br>Освен на својата веб страна Институтот за фолклор пошироката јавност ја информира за своите активности преку објави во меѓународни списанија: Lidija Stojanović, Review for International Conference “Ecoanthropology: between Man and Environment” , in: *Narodna umjetnost,* vol. 60 no.2, 2023, pp.292-93; (Scopus) - https://hrcak.srce.hr/en/311689 , https://hrcak.srce.hr/en/file/450078 Кристина Димовска ХРОНИКА ЗА XX СИМПОЗИУМ ЗА БАЛКАНСКИ ФОЛКЛОР: „ФОЛКЛОРИСТИКА: ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ“ , *Македонски фолклор* бр.79, 169-182 .https://ifmc.ukim.mk/wp-content/uploads/spisanie/Broj_79/<br><br>Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје, има своја официјална Фејсбук страна, преку која се објавуваат најразлични информации за: студентите, организирање на научни симпозиуми, конференции и дебати, научните достигнувања на вработените во институтот, објавувањена книги, монографии и списанија, учество и реализација на научно-истражувачки проекти.<br>Во изминатата година Институтот има 13 објави на социјалните мрежи поврзани со реализирани активности и идни активности, и тоа: | 13..Линк до објавата за проектот https://ifmc.ukim.mk/%d0%bc%d0%b5%d0%bc%d0%be%d1%80%d0%b8%d1%98%d0%b0-%d0%b8-%d0%b5%d0%ba%d0%be%d0%ba%d0%be%d1%81%d0%bc%d0%be%d1%81/<br>14. Линк до објавите за одбрана на докторските дисертации https://www.ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=174&glavno=8<br>15. Линк до објавата за конференцијата „Ecoantrhopology: between Man and Environment” https://hrcak.srce.hr/en/311689 , https://hrcak.srce.hr/en/file/450078<br>16. Линк до објавата за XX симпозиум за балкански фолклор https://ifmc.ukim.mk/wp-content/uploads/spisanie/Broj_79/ |
| 1. Објава за организирање на XXII Меѓународен научен симпозиум на тема: „Фолклористиката и културното наследство“, кој ќе се одржи во од 21 до 23 ноември, 2024 година. Идејата на темата на XXII Меѓународен симпозиум за балкански фолклор е да се пристапи кон фолклорот и културното наследство од колку што е можно поширок агол на гледање, притоа да се земе предвид интердисциплинарниот пристап кон темата и вклученоста на современите алатки во нивното проучување. | Линк од објавата: https://shorturl.at/WINNL |
| 2. Објава за промовирње на доктори на науки на Ректоратот на УКИМ. Почитувани пријатели на ден 13.05.2024 година, беше одржана промоција на доктори на науки од областа на медицинските науки и здравство, општествените науки и хуманистичките науки на Универзитетот „Св Кирил и Методиј“ – Скопје. На свечен и традиционален начин, ректорката на УКИМ, проф. д-р Биљана Ангелова, промовираше 22 доктори на наулки, меѓу кои и тројца доктори на науки: д-р Тимко Чичаковски, д-р Андријана Јаневска и д-р Стојанче Костов, кои ги завршија докторските студии на студиската програма Фолклористика на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје. Тие официјално ги добија своите дипломи и станаа Доктори по | Линк од објавата: https://shorturl.at/s8FoO |

| | |
|---|---|
| фолклористика.<br>3. Објава за Печатеното издание на списанието МАКЕДОНСКИ ФОЛКЛОР бр. 85. Списанието МАКЕДОНСКИ ФОЛКЛОР бр. 85 е веќе достапно!<br>Во оваа прилика потсетуваме за испраќање на трудови за бројот 86 на ова списание. Сите заинтересирани автори коишто пишуваат на теми од областа на фолклорот се добредојдени да испратат свој научноистражувачки труд кој, доколку позитивно се рецензира, ќе биде објавен.<br>Списанието МАКЕДОНСКИ ФОЛКЛОР има Меѓународен уредувачки одбор, а трудовите се испраќаат на македонски или на англиски јазик и тие подложат на рецензија. Од 2022 година, списанието е достапно онлајн (https://rb.gy/zlddb) и засега е индексирано во датабазите на CEEOL и EBSCO.<br>Заинтересираните автори треба да го достават својот труд најдоцна до крајот на месец јуни 2024 година, уреден според следното Упатство: https://rb.gy/slwdc | Линк од објавата: https://shorturl.at/2CBiB |
| 4. Објава за соработка со НУ Ансамбл за народни игри и песни на Македонија „Танец“. ТАНЕЦ ВО ФОКУСОТ - одличен мултимедијален настан кој се одржа во Кинотека на Македонија, посветен на 75 годишниот јубилеј на НУ Ансамбл за народни игри и песни „Танец“. Покрај останатите учесници кои дадоа свој придонес на настанот, учествуваа и нашиот олега доц. д-р Стојанче Костов, кој имаше свое излагање на тема „Орските содржини во филмот „Ритам и звук“ и неговото значење во етнокореологијата“, како и нашата колешка проф. д-р Јасминка Ристовска Пиличкова, која учествуваше во дебатата посветена на жената и женската традиционална носија во Македонија и нејзиното влијание врз македонската облековна практика во минатото. | Линк од објавата: https://rb.gy/v7fzq1 |
| 5. Објава за електронско издание на МАКЕДОНСКИ ФОЛКЛОР бр.85. Најновото електронско издание на МАКЕДОНСКИ ФОЛКЛОР бр.85 е достапно на веб страницата на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“. Во него се поместени трудови од XXI Меѓународен научен симпозиум: „Традиција, медиуми, дигитален свет“. | Линк од објавата: https://ifmc.ukim.mk/makedonski-folklor-br-85/ |
| 6. Објава за издадена книга на доц. д-р Александра Кузман. Од печат излезе книгата „Македонската чалгија 1“, чиј автор е нашата колешка доц. д-р Александра Кузман. Во ова издание се дава една поширока слика за тоа што претставува чалгијата како: појава, традиција, музика, култура, начин на живот итн. Акцентот е ставен на носителите на традицијата од четирите македонски градови (Охрид, Велес, Скопје и Битола), како главни чалгиски центри од каде што се ширеле влијанијата во музичката култура во помалите градски средин. Книгата е финансиски поддржана од Министерство за култура на Република Македонија. | |
| 7. Објава за реализиран настан во НУБ. На 28.11.2023 година, се одржа Научната конференција на тема: | Линк од објавата: |

| | |
|---|---|
| „Материјалната култура на Ромите“, во НУБ „Св. Климент Охридски - Скопје. Организатор на конференцијата беше м-р Даниел Петровски, во соработка со Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ - Скопје и Здружението „Романо Ило“. Проектот е поддржан од Министерството за култура на Р. Македонија. | https://rb.gy/n2kpw6 |
| 8. Објава за одбранет магистерски труд. На 21.11.2023 година, кандидатката Лиде Стојановска, успешно ја одбрани магистерската теза „Етнолошко-Фолкористички потенцијали за развој на етнотуризмот во општина Кратово” на Институтот за фолклор ,,Марко Цепенков” - Скопје и се стекна со звање Магистер по фолклористика. Магистерската теза беше одбранета пред комисијата во состав: проф. д-р Зоранчо Малинов (ментор), вон. проф. д-р Кристина Димовска и доц. д-р Емилија Апосотолова Чаловска. | Линк од објавата: https://rb.gy/vkuwv2 |
| 9. Објава за одбранета докторска дисертација. На 20.11.2023 година, кандидатката м-р Андријана Јаневска, успешно ја одбрани докторска дисертација на тема „Македонското традиционално народно пеење во: Мала Преспа, Голо Брдо и Гора“ пред комисијата во состав:<br>проф. д-р Родна Величковска (ментор), проф. д-р Лидија Стојановиќ-Лафазановска, проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленовска, проф. д-р Весна Петреска и проф. д-р Горанчо Ангелов, со што кандидатката се стекна со звање Доктор по фолклористика. | Линк од објавата: https://rb.gy/ii0pnr |
| 10. Објава за издадена книга на проф. д-р Весна Петреска. „КОНЕЦ НА ЖИВОТОТ - ЕТНОЛОШКО-АНТРОПОЛОШКО ИСТРАЖУВАЊЕ НА КОНЕЦОТ ВО ТРАДИЦИОНАЛНАТА КУЛТУРА“ е насловот на најновата книга на нашата колешка проф. д-р Весна Петреска. Во книгата ќе можете да прочитате за конецот, производите добиени од него и предметите за негова изработка. Симболичката претстава на конецот дека со негова обработка се добива готов прозивод, веројатно влијаело во традиционалната култура тој да има големо значење особено во обредите на премин, како во оние што се поврзани со животниот циклус, така и во оние од календарскиот циклус, но, исто така тој бил застапен и во магиските обреди, обично, околу лекувањето. Книгата е финансиски поддржана од Министерство за култура на Република Македонија. | Линк од објавата: https://rb.gy/ap0pz1 |
| 11. Објава за одбранет магистерски труд. На 06.10.2023 година, кандидатката Вера Милошевска - Јосифовска, успешно го одбрани својот магистерски труд на тема: „Македонскиот вокален мелос во современиот контекст - оживување на една заборавена музика“, со што се стекна со звање Магистер по фолклористика. Трудот беше одбранет пред комисија во состав: вон. проф. д-р Велика Стојкова-Серафимовска, (ментор), проф. д-р Ермис Лафазановски и доц. д-р Александра Кузман. | Линк од објавата: https://t.ly/MUwm7 |
| 12. Објава за реализирана изложба. Почитувани пријатели, вчеравечер во КЦ „Магаза“ во Битола свечено се | |

| | |
|---|---|
| отвори изложбата „КОНДАКОВ ВО МАКЕДОНИЈА (1900 година)“ која ќе трае до 16 октомври.<br>Раководител на проектот и автор на изложбата е доц. д-р Емилија Апостоловс-Чаловска, во соработка со проф. д-р Јасминка Ристовска-Пиличкова. Благодарност до Цане Серафимовски и Блага Ангелкова, архивисти во нашиот институт, кои ја извршија дигитализацијата на фотографската збирка, потоа до Музеј Битола - BitolaMuseum и директорката Мери Стојанова, без чија поддршка немаше да се реализира изложбата. Благодарност и до Владо Деловски од КЦ „Магаза“, за несебичната помош и залагање во нејзиното поставување, до Славица Георгиева и Дарко Николовски, кои придонесоа во графичката и компјутерска обработка на експонатите. Особена благодарност до „Макас инжинеринг“ од Скопје за врвниот квалитет на печатените материјали, како и HotelTeatarBitola, за топлото гостопримство.<br>За крај, благодарност до сите присутни, колеги, пријатели, кои го збогатија овој за нас свечен чин.<br>Проектот е поддржан од Министерство за култура / MinistriaeKulturës. | Линк од објавата: https://t.ly/GS5S8 |
| 13. Објава за повик за испраќање на научни трудови. ПОВИК ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ТРУДОВИ ЗА СПИСАНИЕТО „МАКЕДОНСКИ ФОЛКЛОР“!Почитувани колеги и соработници, заинтересираните автори коишто пишуваат на теми од областа на фолклорот се добредојдени да испратат свој научноистражувачки труд кој, доколку позитивно се рецензира, ќе биде објавен во еден од наредните броеви на списанието Македонски фолклор во издание на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ - Скопје.Списанието има Меѓународен уредувачки одбор, а трудовите се испраќаат на македонски или на англиски јазик и тие подложат на рецензија. Од 2022 година, списанието е достапно онлајн (https://rb.gy/zlddb) и засега е индексирано во датабазите на CEEOL и EBSCO.<br>Заинтересираните автори треба да го достават својот труд до јуни 2024 г., уреден според следното Упатство: https://rb.gy/slwdc. | Линк од објавата: https://t.ly/CJb8P |
| **Прилози**<br>Прилог 8.1. Информирање на јавноста | |
| 8.2. Институт за фолклор „Марко Цепенков“ освен за примарната научно-истражувачка дејност е регистриран и за вршење на активности од доменот на високообразовната дејност. Се јавува и како организатор на студии од втор циклус (последипломски, магистерски студии), а според законските регулативи што овозможуваа стекнување на научната титула доктор на науки само со одбрана на докторска дисертација, на Институтот се спроведоа и неколку одбрани ма докторски дисертации. Институтот има и статус на придружна членка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а со свој претставник е застапен и во Сенатот на оваа реномирана високообразовна институција.<br><br>Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје, има достапни податоци за студиските програми кои се реализираат, | 1. Статут на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“https://ifmc.ukim.mk/wp-content/uploads/2020/Statut.pdf<br>2. Ситематизација https://ifmc.ukim.mk/%d0%be%d0%b4%d0%b4%d0%b5%d0%bb%d0%b8/<br>3. Линк од IIЦиклус (магистерски) студии веб страната на Институтот https://shorturl.at/Z6RSw<br>4. Решение за акредитација на студиската програма Фолклористика втор циклус од |

| | |
|---|---|
| критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти.<br><br>За веродостојно презентирање и верификување на активностите и заложбите на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје, за информирање на студентите и јавноста, достапни се следниве информации.<br><br>1. Студиска програма втор циклус на студии<br>– Структура на студиската програма<br><br>– Додаток на диплома<br>– Статут<br><br>– Акредитации<br>• Акредитација 2013<br>• Акредитација 2018<br>• Акредитација 2023<br>– Решенија<br>• Решение 2018<br>• Решение 2023<br>• Решение за почеток со работа<br>– Елаборат<br>• Елаборат 2017<br>• Елаборат 2023<br>– Самоевалуации<br>• Самоевалуација 1<br>• Самоевалуација 2<br>• Самоевалуација 3<br><br>2. Студиска програма трет циклус на студии по Фолклористика (2021), раководител проф. д-р Катерина Петровска-Кузманова.<br><br>-Елаборат за докторските студии по фолклористика<br>-Структура на студиската програма 2021<br>-Решение<br>-Решение за акредитација<br>-Прелиминарна листа на кандидати | Агенција за квалитет на виокото образовение, Одборот за акредитација на високото образование 08-121219 од 4.9.2023 линк<br><br>5. Линк од IIIциклус студииевеб страната на Институтот<br>https://shorturl.at/r1NWv P<br>6. Решение за акредитација на студиската програма Фолклористика терт циклус од Агенција за квалитет на виокото образовение, Одборот за акредитација на високото образование 08-183/7 од 17.9.2021 линк<br><br>7. Линк од Етички кодекс<br>https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/248_Eticki_kodeks.pdf<br><br>9. Линк од секција Информации од Јавен карактер (Завршна сметка)<br>https://shorturl.at/2UN8Z<br><br>10. Линк од Годишен извештај<br>https://ifmc.ukim.mk/wp-content/uploads/transparentnost/godisen_izvestaj.pdf<br><br>11. Билтен со прифатени теми за докторска дисертација:<br>https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/bilten/2020/1218-01.07.2020.pdf<br>Билтен со прифатени теми за магистерски трудови<br>https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/bilten/2022/1254-01.02.2022.pdf<br>https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/bilten/2021/1236-15.04.2021.pdf |
| **Прилози** | |
| 8.3. Клучните исходи од учењето и од научно-истражувачката работа се објавуваат на веб страната на Институтот. На пример, | 1. Линк од секцијата Списание на веб страната на Институтот |

| | |
|---|---|
| на официјалната веб страна се објавени електронските изданија на списанието *Македонски фолклор*, од бројот 77 до бројот 85.<br><br>Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје, редовно ги објавува закажаните одбрани на доктроските дисертации, како и одбраната на магистерските трудови. Дополнително во рамките на Годишните извештаи на Директорот за работата на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје, во делот посветен на наставнообразовната дејност редовно се известува за реализираните активности во втор и трет циклус на студии, како и за одбраните на магистерските трудови и докторски дисертации, а исто така, во делот посветен на научноистражувачка и стручно апликативна дејности се известува за сите реализирани научно-истражувачки активности. | https://t.ly/pBbGG<br>2. Линк од секцијата Проекти на веб страната на Институтот https://shorturl.at/5sZ4C<br>3. Линк од секцијата Архива на веб страната на Институтот https://shorturl.at/Qoimu |
| **Прилози** | |

## Стандард 9

| СТАНДАРД 9:МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 9.1. ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ води сметка за мобилноста на студентите. Тие можат да реализираат мобилност врз база на договорите кои Институтот ги има потпишано со средните институции, а исто така се известуваат за конкурсите што се објавуваат во рамки на програмата Еразмус+. Од учебната 2023/2024 Институтот е влезен во програмата за меѓународна размена CEEPUS и веќе се прават напори за упатување на студетите да аплицираат преку оваа програма за мобилност. Од оваа учебна година институтот е вклучен во мрежата Media in Transition / Transition in Media е прифатена и имаме можност за мобилност во партнерските институции.<br>https://www.ceepus.info/document/document_top.aspx#nbb<br>Во однос процентуалното учество на студентите од втор циклус на студии, и покрај редовното објавување на Конкурсите за студентска мобилност ворамки на Еразмус+ програмата, за жал, во извештајниот период ниту еден студент на Институтот за фолклор нема поднесено пријава задобивање на стипендија за студентска мобилност. Нискиот интерес за остварување на студенстка мобилност делумно се должи на фактот деканајголем број од студентите се во работен однос, а деломно и поради тоаИнститутот нуди студиска програма од втор циклус на студии коитраат по 2 семестри, па студентите имаат на располагање релативно кус временски период да ги завршат предвидентите активност.<br>Секако, особено со новата програма за мобилност пред студентите се отвораат нови можности со што се надеваме дека ќе се зголеми и нивниот интерес.<br>Имајќи го предвид начинот на прибирање на податоци кој произлегува од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување иstудирање на трет циклус студии- | Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните пет години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+; Прилог 9.1.А и Прилог 9.1 Б |

| | |
|---|---|
| докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во Универзитетски гласник бр. 530 од31 декември 2020 година, студентите од трет циклус треба во текот на четвртиот семестар да остварт мобилност, под која се подразбира најмалку еднонеделен престој на студентот на универзитет или научна установа во странство во текот на докторските студии, што се потврдува со писмо, потврда или другвид доказ за престој и реализирани активности, издадени од страна надомаќинот. За реализираната меѓународна мобилност се изготвува Извештај, подготвен од студентот и одобрен од менторот, кој се усвојува од Советот за докторските студии и е дел од досието на студентот Во 2021/2022 е запишн еден студент кој меѓународната мобилност ја оствари преку програмат Еразмус, (Мелита Ивановска Еразмус+ Network of UNESKO Cultural Spaces No.2020 -1- LV01-KA204-077559 Litvanija, Avgust, 2023) останатите студенти запишани 2022/2023 – двајца од кои едниот студиите ги стави во мирување не ствариле мобилност но се надавема дека ќе ги реализираат преку програмата CEEPUS, тројца студенти запишани во оваа учебна година својата межународна мобилност ја планираат во текот на учебната 2024/2025.<br>Во однос на процентуалното учество на студентите од трет циклус на студии (докторанди) во мобилноста, истото изнесува 20%.<br>Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена, односно за студентите од трет циклус на студии, според Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии-докторскистудии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во Универзитетски гласник бр. 530 од 31 декември 2020 година, член 41, алинеа 2, реализираната меѓународна мобилност се вреднува со 6 ЕКТС- кредити. | |
| **Прилози**<br>Прилог 9.1.А Студенти кои користеле мобилност<br>Прилог 9.1.Б Студенти кои користеле мобилност 2023/2024 | |
| 9.2. Институтот има развиено политика за меѓународна соработка иинтернационализациија. Развојот на меѓународната соработка на ИФМЦ се базира на самостојните напори кои ги вложуваат вработените во институтот, но и активно учествува во други програми на ниво на УКИМ. Во програмата за работа на Институтот во последните пет години се дефинираат основните цели како што се:<br>- Продлабочување и унапредување на формите на соработка со постојните меѓународни партнери со кои Институтот има потпишанодоговори за соработка.<br>- Зголемување на бројот на интернационални партнери на Институтот.<br>- Приклучување на Институтот на повеќе мултилатерални програми занаучна и високообразовна соработка.<br>- Зголеемување на надворешната и внатрешната мобилност на наставно-научниот кадар на Инститтот.<br>- Поголема промоција и запознавање на наставно-научниот кадар наИнститутот и неговите студенти со меѓународните можности.<br>За реализација на договорите со партерските ниституции нема | Извешттаите за меѓународна соработка се составен дел на годишните извештаи за работа 2020-2023 Прилог 1.3.А |

| | |
|---|---|
| оформено тело туку се именуваат кординатори преку кои се одвива комуникацијата и се следи реализацијата на потпишаните договори , исто така во однос на прогамата Цеепус во која е влучен Институтот за фолклор од 2023/2024 година е одреденкоординатор кој ги координира активностите околу запознавање на наставниуот кадар и студентите за можноста за аплицирање во оваа програма и остварување на нивна мобилност во текот на оваа учебна година. | |
| **Прилози**<br>Прилог 1.3.А | |
| 9.3. Според планот за приходи и расходи во периодот 2024 -2028 установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет.<br>Финансирањето на меѓународната соработка иинтернационализација на институтот доминантно се врши со средства обезбедени од сопствениприходи. Во текот на 2020 година, добиени се и сресва од МОН, по објавенКонкурс за доделување на средства за учество на домашни научниистражувачи на меѓународни научни собири во странство Финансискитесредства за меѓународна соработка и интернационализација на Институтот за фолклор се во непосредна врска со научноистражувачкатадејност на Институтот и затоа најголем дел од овие средства е за котизации - учества на меѓународни конференции. Детален приказ на искористени финансиски средства за меѓународна соработка се дадени во Прилог 6.1 Б | Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните пет години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). Во Прилог 6.1.Б. |
| **Прилози**<br>Прилог 6.1.Б | |
| 9.4. Институтот соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација научноистражувачката работа и на студиските програми. За таа цел Институтот има потпишано голем број на билатерални договори со институции од странтво:<br>- Институтот за уметност, фолклористика и етнологија Рилски, при Украинската Академија на Науките, Украина;<br>-Институтот за славистика при Универзитетот „Адам Мицкјевич“ во Познањ, Полска;<br>-Институтот за фолклор и етнологија во Софија, Бугарија;<br>-Институтот за славистика од Москва, при Руската Академија на науките;<br>-Етнографскиот Институт во Белград при САНУ, Србија;<br>-Институтот за етнологија и фолклористика од Загреб, Хрватска,<br>-Национален институт за јазици и ориентални цивилизации (Institutnationaldeslanguesetcivilisationsorientales/INALCO), од Париз, Франција.<br>Од учебната 2023/2024 Институтот за фолклор е дел од CEEPUS мрежата.<br>Континуираните напори за меѓународа соработка се огледаат преку организација на меѓународни научни конфереции, соработка во изданијата на институтот преку учество во | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Линкови до предавања:<br>www.ifmc.ukim.mk,<br>https://www.youtube.com/@ECOANTHROPOLOGY<br>Линк до организирани конференции:<br>https://ifmc.ukim.mk/%d1%81%d0%b8%d0%bc%d0%bf%d0%be%d0%b7%d0%b8%d1%83%d0%bc/<br>и<br>www.ifmc.ukim.mk,<br>https://www.youtube.com/@ECOANTHROPOLOGY<br><br>Линк до биографиите на наставниците каде се дадени сите податоци на нивните активности: https://ifmc.ukim.mk/%d0%b2%d1%80%d0%b0%d0%b1%d0%be%d1%82%d0%b5%d0%bd%d0%b8/ |

редакцијата на списанието „Македонски фолклор“ на научници од соодветните странски научни институции. Исто така во рамките на студиите од трет бциклус во комисиите за одбрана и оценка на докторските трудови се ангажираат соодветни наставници од сранство.

Препознатливоста на Институтот за фолклор во меѓународни рамки се гледа и во поканата од Центарот за усна традиција на Универзитетот Мисури, САД (Center of the Oral Tradition, University of Missouri, USA) кој е дел од Меѓународното друштво за студии по усна традиција (International Society for Studiesi in Oral Tradition), за промовирање на импресивната колекција од архивскиот фонд на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“, со главен акцент на препознатливоста на истражувањата на теоријата на изведбата, како и изведбата на фолклорот. Со ова, Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ би влегол во Меѓународното здружение за проучување на усната традиција. Исто така, Архивот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ е влезен во Европските фолклорни архиви на асоцијацијата Мрежа за верувањата како наратив (BeliefNarrativeNetwork – BNN) во рамките на Меѓународното друштво за истражување на фолклорни наративи (International Society for Folk Narative Research – ISFNR).

XXI симпозиум за балкански фолклор, на кој земаа учество голем број од нив, текстовите со кои настапија беа објавени во списанието „Македонски фолклор“ бр. 84 и 85.

*Екоантропологија: помеѓу човекот и околината,*која се одржа во рамките на проектот, „Меморија и екокосмос“ која се одржа во периодот 30.5. 2023-1.6. 2023, Во рамките на меѓународната конференција *Екоантропологија: помеѓу човекот и околината,* во рамките на која се одржани прадавање од: проф. д-р Бојан Баскар од Универзитетот во Љубљана (Словенија) и на проф. д-р Мартина Топиќ од Универзитетот Лидс Бекет (Обединето кралство).

Професорите вработени во Институтот за фолклор исто така во извештајнот период држеле предавања во рамките на научни собири или на одредени високообразовни институции:

-Лидија Стојановиќ: Guest Lecturer / In Between: Change of Mentality or Tearing of Habitus (60th International Academic Week 2022 Return Migration and its Consequences in Southeastern Europe) (Südosteuropa-Gesellschaft – SOG: Muenchen, Germany (4.10.2022), https://www.sogde.org/en/

-Лидија Стојановиќ: Guest Lecturer/ The Exodus of the Macedonians from Greece: Woman's narratives about WWII and their Exodus, Justus-Liebig-Universität Giessen : Gissen, Germany , DE-2022-12-15 to 2022-12-15 | https://www.sogde.org/en/events/vortrag-lidija-stojanovic/

-Лидија Стојановиќ: „Love and Humanism in Chinese and West European Traditional Culture” во рамките на: YES Young Experts Symposium 2023: “Love and Humanism in Chinese Traditions”, (Beijing Normal University at Zhuhai) Beijing Normal University at Zhuhai
北京师范大学全球化与文化发展战略研究院·特聘研究员)https://mp.weixin.qq.com/s/-KADEIFJZI2gUmxqxOYYcQ -(25.11.2023).

Учествувале во меѓународни уредувачки одбори во земјите членки на ЕУ:

| | |
|---|---|
| -Лидија Стојановиќ член на меѓународниот научен одбор на списанието Poznańskie Studia Slawistyczne Adam Mickiewicz University Press. ISBN 978-83-232-2409-9. ISSN 2084-3011. http://www.pss.amu.edu.pl/ **https://pressto.amu.edu.pl/ojs_3/pliki/pss/Lidija%20Stojanovi%C4%87%20.pdf** и Гост уредник на меѓународно списание Folkloristika 5/2 (2020) www.folkloristika.org www.folkloristics.org IMPRESUM I SADRŽAJ TEMAT: MAKEDONSKA FOLKLORISTIKA U FOKUSU: SLIKE SVETA – TRADICIONALNI I SAVREMENI FOLKLOR U INTERDISCIPLINARNOM KONTEKSTU (ur. Lidija Stojanović)https://www.academia.edu/45626506/Folkloristika_5_2_2020_Impresum_i_sadr%C5%BEaj<br><br>http://www.folkloristika.org, http://www.folkloristics.org<br>-Весна Петреска член на меѓународен уредувачки одбор на списанието Гласник Етнографског Института. https://www.ei.sanu.ac.rs<br>Учество (експерт) во Меѓународниот проект "Knowledge, Preservation and Promotion of old centres in Albania and North Macedonia Republic", Sites et Cités remarquables de France, L'Association des Villes et Pays d'art et d'histoire et des Cites patrimoniaux, 2021-2022 година (Емилија Апостоловска-Чаловска), Institute of Ethnology and Folklore Research, HRZZ, 2017-2021 (Лидија Стојановиќ scientific consultant on the project Narrations of fear: from old inscriptions to new orality (FEAR), led by Renata Jambrešić Kirin), Projektleiter am IOS, Horizon 2020) (2016-2019- http://www.cultural-opposition.eu/ (Лидија Стојановиќ COURAGE. Connecting collections", led by Ulf Brunnbauer),<br><br>Вработените во Институтот за фолклор во извешјаниот период учествувале на голем број Меѓународни конференции во странство, во организација на партнерските Факултети и институти , но и други меѓународни организации. | |
| **Прилози** | |
| 9.5. Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн.<br>Во досегашниот перид во Институтот за фолклор на втор циклус студии, едногодишни студии по фолклористика бебе запишан еден студент кој магистрираше во 2020 година. На докторските студии по фолклористика исто така има запишано еден студент кој моментално ги ставил студиите во мирување поради породилно одсуство. Се надеваме дека бројот на странски студенти ќе се зголеми , со оглед дека постои интерес.<br>Како член на комисија за одбрана и оцена на доктортска дисертација во Институтот за фолклор биле професорите:<br>-проф. д-р Димитреије Големовиќ од Универзитет уметности Блеоград,<br>- проф. д-р Драгица Паниќ од Универзитетот од Бања Лука | Димитрије Големовиќ https://www.fpu.bg.ac.rs/zaposleni/2114/<br>Драгица Паниќ Кашански https://www.unibl.org/fis/zaposlen/5323-dragica-panic-kasanski<br>Мартина Топиќ https://www.leedsbeckett.ac.uk/blogs/leeds-business-school/authors/martina-topic/<br>Бојан Баскар https://www.ff.uni-lj.si/en/staff/bojan-baskar<br>Податоците за студентите се наоѓаат во Iknow ситемот. |

## 3. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

| ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ |
|---|
| Во овој дел може да се доставаат дополнителни информации релевантни за квалитетот на високото образование. Овој дел не треба да биде подолг од 3 страници. |
| |
| |

Пример 1

Изјава

Под полна материјална и кривична одговорност јас, Ермис Лафазановски___со ЕМБГ 0812961450106__, одговорно лице во високообразовната установа Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје изјавувам дека сите податоци прикажани во Извештајот од самоевалуација на високобразовната установа Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје за периодот 2020 – 2024 година се точни и вистинити.

ИЗЈАВИЛ,

Ермис Лафазановски

(име и презиме)

___________________

(своерачен потпис)